СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА IX-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-ТА СЕДНИЦА НА ООБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.XII.1993 година**

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 17
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 53
3. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 16, 26, 31
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДМИР - 60
5. ДИМОВСКА ДОСТА - 42, 43,  51, 54, 31, 83
6. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 39
7. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 4, 7, 10, 20, 34, 85
8. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 21, 23
9. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 14, 31, 32
10. ПРЕВАЛА ШАБАН - 34, 48, 50
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 71, 73, 76, 77, 36
12. СПИРОВСКИ АЦО - 1
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ- 12,15, 17, 24, 26, 29, 32, 33
14. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 13
1S. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 19
16. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 29, 88
17. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 63, 68
18. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 55, 58
19. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ - 50, 53
20. ШАКИРИ ХИСНИ - 70

Седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветтото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 2 декември 1993 година

Седницата се одржа во салата број 1 во Собранието на Република Македонија со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да продолжиме со работа. Пратениците Димитар Поповски и Ешреф Алиу ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот.

Има збор господинот Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, побуден од вчерашните дискусии сакам да изнесам некои свои размислувања во врска со точката на дневен ред. Сметам дека нема да се согласам со дискусиите што одеа во прилог на тоа дека овој закон ќе се разгледува денеска и вчера дека не е добро осмислен и дека истиот треба да понуди поинаква содржина односно нешто што ќе одговара на конкретните состојби и потреби ан Република Македонија. Сметам дека за ова прашање, жалосно е првостепено да се дискутира на тој начин, да не се чувствува времето и просторот во кој што живееме, да не се чувствува тоа што е и што фактички го живееме. Некако на работите одиме на тој начин  што едноставно не сакаме да ги

прифатиме какви што се, со сота онаа реалност и содржини што не исполнуваат. Јас ќе зборувам за овој закон и ќе се согласам со одделни дискутанти дека требаше многу поодамна да се донесе уште со дефинирањето на Република Македонија како самостојна и независна држава. Навистина спрема овие лица е извршена голема неправда. На истите им се ставани разни етикети, а најповеќе онаа пробугарската и истите се осудувани за дела против народ и држава, истите лично чувствуваат како и нивното пошироко семејство последици од таквата политика и сега кога се сложивме, и ја создадовме оваа држава, за истите не сакаме едноставно да прифатиме една обична рехабилитација што ја заслужуваат.

Ја само ќе споменам односно компаративно ќе изнесам некои состојби што беа тука изнесени дека со ваквиот закон во текстот со кој што се дава дека значи некаков хаос и дека во истиот нема дефинирани одредби, односно се губи смислата на суштината на овој закон што сега се нуди.

Јас само сега ќе ве потсетам на претходниот закон што ова Собрание вчера го изгласа а тоа е предлогот за донесување на законот за правата на носителите на "Партизанска споменица 41", лицата народни херои и учесниците во Шпанската војна. Во истиот тој закон има голем број на бенефиции што ги уживаат овие лица. Тие бенефиции траат многу одамна и оние што ги затекнаа сеуште ги уживаат. Меѓу нив има многу такви кои што на некој начин ги стекнале тие бенефиции со тоа што ја добиле потребната етикета со некакви си изјави односно се никакви си сведоци дека учествувале или биле во дадениот момент, се претставиле како борци. Така што малку ќе парафразирам и ќе спомнам една подамнешна изјава ка другарот Тито, кој што самиот сака дека да сум знаел дека во бившата Југославија имало толку борци јас ќе бев тој првиот кој ќе го освоев Берлин.

Сметам дека хаосот е токму во законот што го донесовме и изгласавме затоа што многу од тие лица, секоја чест на оние што ја имале пушката в рака и го заслужиле овој епитет, меѓутоа многу од тие лица не го заслужуваат тој епитет и овие бенефиции што ги уживаат така што сметам дека токму тука е хаосот. Хаосот одамна е започнат и во континуитет продолжува.

Ја сметам дека со овој нов закон што сега се нуди, таков хаос сигурно нема да има. Во тоа можете апсолутно да бидете убедени затоа што за секоја дефинирана личност што ќе се јави согласно овој закон ќе стои име и презиме, односно ќе стои пресуда, дело зошто, како бил осудуван. Тука не помагаат ниту сведоци ниту друго туку едноставно постои една редовна судска постапка во која се дадени сите етикети заедно со лицето со име и презиме. Така не постои никаква опасност за подметнување дека некој ќе користи бенефиции и некакви си права што воопшто не ги заслужил. Тука можете да бидете апсолутно сигурни затоа што овие лица ќе бидат навистина дефинирани ќе се знае зошто биле осудувани, како, колку издржувале казна и сите оние работи затоа што за овие лице имате спремни досиеја.

Во однос на тоа дали законот нуди значајни содржини, квалитетни содржини, едноставно не се сака да се оди во процедура затоа што и квалитетните содржини можат да се добијат и законот да ги има во секое време со нашите амандмани зашто законот ќе оди во постапка и со тие амандмани ќе може да се добијат, некои според ваше сметање, позначајни квалитетни содржини.

Мене ме иритира, особено, однесувањето на одделни млади пратеници кои не сакат да сфатат во кое време и во кој простор живееме. Не сакаат да сфатат една промена, не сакаат да сфатат дека состојбите Је изменија до таа мерка што мора работите да одат, со сета реалност. Реалноста е таа. А ова е само еден дел од нашето заокружување. Тоа е само еден мал дел што го чини нашето заокружување.

I/4.-

Јас немам ништо против лицата со "партизанска споемница 41" што ги заслужиле овие работи дека е и тоа дел од нашиот систем. Мене ме иритира, ме лути, може некој дава и повисоки политички оценки за тоа, можеби е поспремен од мене што овој Парламент на оваа иста седница не донесе некои други системски закони на заокружување што требаше да ги донесе како Законот за гробот што нудеше исто така некој систем на заокружување, па ќе кажам за некои повисоки можда пологични размислувања, меѓутоа, тоа е нашата реалност, така се однесуваме и така споро одиме кон заокружување на нашата самобитност и државност.

Сметам дека нема, апсолутно, никакви причини од одлагање на овој закон. Владата малку разочарувачки делува што се оградува од одредбите на овој закон односно се оградува од основната определба што треба да се утврди во оваа наша држава. Таа определба Владата треба да ја направи а вака и во секое време може да се вклучи во доградувањето на овој закон. Не мора тоа да биде предлог на Владата или како што е во случајов од пратеник, меѓутоа тука потребата тоа го налага тој треба да се донесе на начин како што прилега, на начин што е достоинствен, затоа што ова што сега го имаме сепак е градено на нечии коски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, јас вчера се пријавив а сега неочекувано дојдов на брзина и повеќе. сакав да направам една споредба на два настана; и два различни настапи во овој Парламент. Би сакал да биде присутен и Никола Поповски но не го гледам тука, што ги изнесе во вчерашниот настап од една анализа и концепција видена од самиот пратеник почнувајќи од реченицата "Парламентот е идеолошки заслепен.."

I/5.-

Според досегашните настапи дали Парламентот е заслепен околу носење и споредување на овие два закони, ја сакам да дадам една споредба на законот што претходно помина да речеме со триста маки, но не е битно каков е тој закон на односот на претходниот закон со законот што ни го понудија група пратеници независни пратеници. За мене тезата дека Парламентот е идеолошки заслепен, вистина ја прифаќам. Зашто ја прифаќам? Прво можам да констатирам дека во претходниот закон идеологијата зема во прв план највисок степен.- Сите така наречени не сакам да ги дефинирам сега тогашните прогласени народни херои од тогашното Собрание на СФРЈ, но тие идеолошки се прогласени, зашто ние спомнуваме за Македонија 1941 година. За Македонија "41 е идеолошки и за било кој парламент кој сакаше да излезе со ваква теза дека во "41 можеме да делиме споменици за народни херои или "41 година - споменици за граѓани од Македонија и сега да правиме една диференцијација исто така за еден дел од македонскиот народ кој според втората теза на пратеникот да околу егзистенцијата на ВМРО што покасно ќе ја изнесам не држат бидејќи сите знаеме, да повторам секој народен херој или секоја споменица "41 се доделуваше идеолошки. Предлогот доаѓаше од Централниот комитет на тогашна Југославија и се одликувале исто така во Собранието на СФРЈ во Белград.

Второ, ако пратеникот Никола Поповски се плашел во своето цитирам, "да не избрзаме да го донесеме законот" точно е тоа дека стравот е многу опасна работа. Но стравот е во несигурноста на секоја личност. Ако ние се плашиме да донесеме некој закон што веројатно и премногу касно е да се донесе тој закон според мене лично, ако ние не сакавме да го искористиме датумот од 100-годишнината на ВМРО, ако претседателот на државата немаше храброст со еден декрет, тоа што го направија сите раководители во поранешните екс-комунситички држави со обичен декрет со обична декларација, од тој претседател што ние го избравме, не зависи дали се тие ВМРО-вци дали се од СДС или дали се

од ПДП. Храброста требаше да се види во самиот претседател а не храброста во тројцата пратеници или понатаму во една друга декларација што сака да ја понуди некој од пратениците или парламентарните групи. Тука е величината и тука е правата рехабилитација. Правата рехабилитација на сите учесници и членови на ВМРО е извршена индиректно. Тоа е ставено во член 36 од Уставот на РМ. И да сакаме или не тие се рехабилитирани, меѓутоа таа рехабилитација се одлага за како што рече пратеникот Никола Поповски "за подобри денови", според него зашто донесувањето на ваков закон е да не се избрза некој од партијата. Величината, уште еднаш ќе повторам, величината е на претседателот на државата, може да нема денови да заврши 10О-годишнината од основањето на ВМРО, имаме уште 3 4 недели. Но да ве потсетам храброста на еден Вили Брант кој што припаѓа ако вие се дефинирате со таа истата партија СДС, беше да после 30-40 години се поклони пред жртвите на еден дел од еврејскиот народ т.е. од полскиот народ кој што падна од истиот тој фашизам, зошто ние да не можеме да се поклониме после толку години на сите жртви за идеите на ВМРО. Тоа е чин на еден висок претседател, го изврши и го направи токму во моментот кога оваа иста Европа не почнаа процесите за демократизација. Но ние сме во фаза на најголемите демократски процеси, не само во Источните земји туку и во досегашните таканаречени од нас комунистички земји што ги квалификуваме со друга формула. Меѓутоа јас сакам оваа споредба да ја направам и да ве потсетам на настаните 1945-1946 година. Дозволете, 1945 година кога е формиран; нашата прва македонска држава, прва македонска република е извршен еден пуч, пучот против ВМРО-вците, пучот против сите оние што се чувствуваа македонци, што ја промовираа идејата за Македонија, а не тука некој да ми излегува сега да држи една тешка демагогија дека некој се бореше за туѓи интереси. Тоа е фалсификат а историчарите еднаш да ја кажат правата вистина. Во што е вистината? Мора да ви

I/7.-

направам уште една споредба со великаните на сегашното време. Да се потсетиме на настаните 1987,88,89 со реформите во тогашниот Советски Сојуз. Доаѓањето на Горбачов, првата работа што ја направи, се плашел, се плашел како еден Никола Поповски, сигурно го оправдувам Никола Поповски бидејќи припаѓа на изборната единица што ја опфаќа населбата Водно. Се плашел , сигурно се плашел Никола Поповски да каже, ако сакал да знае дека тој истиот Горбачов 1988/89 иако знаел за документите за убивањето на тие 10-20-тина илјади официри од полската армија, тој мораше на крај да ја признае грешката, грешката со трансформацијата, со реформите во тогашниот Советски Сојуз. И ја призна на крајот. Сите документи ги предаде на Република Полска. Тоа е барањето на сегашните ВМРО-вци таканаречени осудени 1945, 1948 и 1949 а тука ги опфаќа и информбировците зашто не е само ВМРО во прашање туку тука е и информбирото, а и ние сме дел, дел што припаѓа на овој народ на Македонскиот народ. Морам малку да се позамислиме и подлабоко дека еден Шатев не бил само за ВМРО. Еден Шатев падна за времето на Информбирото итн., или Брашнаров и другите да не ги редам.

Мора да ве потсетам после вториот пуч, пучот на интелигенцијата 1971-1972 година одржан во таканаречената населба Водно, во таен состанок од најблиските, најјаките и најпочитуваните во тогашното време граѓани на Република Македонија,  Еден дел ако не и сите народни херои и со споменици "41. Мора да ве потсетам и да ви прочитам некои цитати од тогашниот состанок, од 36-та седница од 1973 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова не е партиски собир. Нема смисла партиските документи овде да ги промовираме.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Не, не, тоа е сам еден цитат од ова. Интересно е дека политичките и историските убедуваа на тогашното раководство, да не ги спомнувам

имињата и не сакам да ги спомнувам, во целост се совпаѓаат на тој состанок односно ќе се потврдат односно се потврди со тезата цитирам:"Се сложувам до максимум треба да водиме сметка за сите наши луѓе од револуцијата. Тие се дел од нас. Ако ние ги сечеме, се сечеме себе си, особено ако ги сечеме недоволно образложено, непотребно. Сечењето на гранката на Револуцијата што ја спроведоа дел од оваа таканаречена елита"од тогашното македонско комунистичко, идеолошко, тука е во право претседателот да не навлегувам во некои конгреси итн., а тоа не е од конгреси, но тука е проблемот. Проблемот е во сечењето. Зошто ја давам оваа споредба сечење ние извршивме со непочитување на членот 36 од Уставот на РМ. Во Уставот на РМ апсолутно таму не се делат ВМРО-вците осудени за ВМРО или другите осудени и народни херои и најзаслужните 1941 година. Ние сакаме да правиме една диференцијација а тоа е најголемата диференцијација моментално на македонскиот народ, диференцијација на заслужни споменици, на заслужни ВМРО-вци кои извршија таканаречено од тогашната идеологија предавство на Македонија. Тие беа осудени за тоа. Мора да потсетам и на уште еден цитат на истиот тој таен состанок "...како ќе се чувствува еден Централен комитет на СКМ кога ќе чујат дека таму седат ВМР0-вци"а се однесува на тоа дека во редовите на интелектуалците се вклучија разни ВМРО-вци, во редовите на информативните средства во редовите на издавачките куќи, во тоа време, според идеологијата на тогашното раководство се вклучени разни ВМРО-вци, не заборавете мораме да се потсетиме зашто господинот Никола Поповски не е тука. Мора да продолжам и со цитатот "покрај борбата за кадровското унапредување на тогашната партија, тој што ќе ја напаѓа македонштината, има реални шанси , да се искачи и погоре над максимата на власта на комунистичката пирамида" е тоа што ние сега сакаме да го нападнеме и да ја одложиме рехабилитацијата за

тогашните осудени за идеите на ВМРО. Некој сака да се качи сега на таа иста пирамида што ја пропагира 1973 година тогашниот ЦК тогашниот еден дел од ЦК. Но мора да се навратам и поново и да извршам една споредба, бидејќи таа споредба е многу актуелна сегашната 100-годишнина на ВМРО, прославата, со прославата на 100-годишнината на раѓањето на идеологот Гоце Делчев. Тоа се случува точно во периодот на 1972-1973 година и дозволете ми да ви кажам зошто сакам да ви дадам споредба зошто ние не сакаме да ги рехабилитираме индиректно ВМРО-вците.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ**: (продолжение)

Ќе цитирам, исто така нема да наведам од кого е цитатот, ако некого интересира ќе кажам, човекот не е присутен "Прославата на 100 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, покрај тоа што беше невозможно предимензионирана во однос на прославата на 30 годишнината од Револуцијата , таа беше предимензионирана и во однос на соборците на Гоце Делчев. Со тоа прославата извесно деградирање на тој великан на Македонскиот народ со самото тоа што неговото име се качи на секое трнче. Прославата, така како што беше поставена, како да целеше да се додвори на оној дел од интелигенцијата што е националистички расположена".

На истата седница, истиот ден, континуирано на оваа теза излегува исто еден од народните херои и кажува:

" Еве, другарки и другари да ја земеме прославата на Гоце Делчев, искрено да ви речам ми се смачуваше кога Гоце Делчев, кој во Револуцијата и по Револуцијата си го доби своето место и во нашата национална историја почнаа да го прават идол на нашата Револуција, кога почнаа да го предимензионираат. Тогаш, да ви речам, чесните луѓе патриотите, почнаа да зборуваат на кого му треба ова? Дали во овие форуми не седеа комунисти? Ако овие движења продолжеа за три - четири години Делчев ќе беше поголем од Маркс, Ленин и од Тито".

Жалосно. Историјата кажа дека е тоа точно. Сите лидери и до Тито во досегашната Европа, во досегашниот премин што вие сега сакате ново идеолошки да го крстите, во досегашниот премин остана само еден идол, тоа е идолот Гоце Делчев.

II/2

Но, на тогашната седница, тогашниот собир на една група така наречени врвни раководители на тогашната ЦК на Република Македонија и не на Македонија, туку на Југославија можам да зборувам, не одржа едно добро предавање како не треба идеолошки и како не треба великаните да ги славиме.

Но, што се случи сега? Споредете ја 100 годишнината на ВМРО, ако ја вратиме сликата, 100 годишнината од прославата на Гоце Делчев, од истите личности кои остро ја критикувале, споредувајќи со 30 годишнината од Револуцијата, сега, на 100 годишнината од ВМРО се прави истото тоа. Направивме една затворена прослава во која истите тие личности читаат реферати за некаков фашизам, застапување на тезата на фашизмот од страна на идеолозите на ВМРО, ставајќи не нас како Република 1924 година на тој реферат да се чита и да спомнува фажизмот, Се прашувам дали, господа пратеници фажизмот потекнува од оваа Република? Тоа е кажано од истите личности, прочитано во рефератот.

Прославата, како - така помина. Но, идолото и величината на сите паднати за ВМРО и осудени во сегашното време, живи или мртви, не сакаме да ги рехабилитираме. Не сакавме да донесеме една декларација, не сакавме да се поклониме на тоа што го направи Брант во Полска, тоа што го направија во шумите на паднатите офицери, убиени офицери од фашизмот од Сталин. Не сакавме ние да го направиме пред еден Ченто.

Да ве потсетам пред две години, на прославата на 50 годишнината, 11 октомври 1991 година, многу од вас бевте од сегашниот Парламент, сите присуствуваме, дваесетмина, триесет- мина успеавме да одиме, едно цвеќе да положиме на гробот на великанот Ченто.

Сега, 1993 година, никој не сака да се поклони спрема паднатите за идеите на Гоце Делчев т.е. за идеите на ВМРО. Не сакавме сите

судбината да ја поделиме заедно. Ја делевме со закони и само со закони. Затоа не е доцна , мислам гревовите не само на оние 400 носители на споменици 1941 година, не само оние 14 народни херои да ја извршат својата граѓанска должност, да се поклонат, не дали се членови на Комунистичката партија, не дали се бореа против фажизмот, туку дека се бореа само за РМ.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, по повод овој закон јас се јавувам повторно од причина што поодделни колеги, користејќи го своето право да се изјаснат дали има потреба или не, дали треба да се донесе ваков закон или ако треба да се донесе каква да биде соработката, помеѓу кого и што треба да биде регулирано, дојдов на идеја дека имаме разидување околу сфаќањето што значат поодделни термини и како тоа содржински ќе се одрази на овој закон. Се правеа напори да се докаже дека ако Владата учествува во работата, во донесувањето на овој закон, ќе биде квалитетен. Ако не учествува Владата, тогаш е неквалитетен.

Практично, според мене, сфатив дека на некој начин се форсира еден од можните предлагачи за донесување на закон да стане правило и да се побие Уставот каде за предлагачи можат да бидат пратениците, дали повеќе или поединечно, одреден број на граѓани и Владата.

Дали се што ќе предложи Владата е квалитетно? Јас ќе договорам не. Затоа што Владата предлага што е интерес на коалицијата. И, кога е интерес на коалицијата и кога е Владата составена од коалиција мора

поодделни барања на коалиционите партнери да задоволува. Тогаш, во овој таканаречен натпревар за задоволување на потребите на коалиционите партнери, доаѓа до неквалитет.

Ние, во овој закон говориме за интересот на македонскиот народ. Ние не бараме коалициони партнери, туку го бараме интересот на македонскиот народ што ќе биде и кој ќе биде повластен со овој закон, кому со овој закон ќе се признае достоинството и кому со овој закон ќе се даде можност да се користат правата дадени со поодделни закони.

Сега конкретно, господинот Поповски, жал ми е што го нема, мислам на Никола Поповски, не прави разлика помеѓу закон и претходно прашање. Реков дека не прави разлика што е претходно прашање. И , за тоа се залагаше одредбите од законот што го донесе ова Собрание за правата на носителите на споменици 19 41 , правото на народен херој и правото на шпанските борци, користејќи на овој Парламент да се дава карактер на некоја граѓанска војна во друга држава од која бараме признавање, а ние овде сега сакаме да и направиме национална револуција,

Овие луѓе може да добијат право да го користат со тој закон ако не се судени.. А, ако се судени, сега, поради постоење на пресудата тие не стекнале можност овие права што ги предвидува овој закон и Законот за пензиско инвалидско осигурување не може да го искористат. Тоа значи, додека не се реши претходното прашање, токму лоцирано во предложениот закон, овие закони не можат да имаат целосна примена.

На тоа се однесуваше зборот на Никола Поповски кога жалеше некого дека не може да објасни што значи квалитетот во работа кога е и Владата. Дека некој не разбира. Испадна сега дека тој, неправејќи

разлика, кој е економиста, што значи право а што значи основ, и од каде се влече основот, дојде нему да не му е јасно зошто овој закон треба да оди, а не на другите што се залагаат за неговото донесување.

Затоа, господа, ве уверувам и ве повикувам да се придружите кон мојата мисла да гласаме за потребата за донесување на овој закон, а и самиот предлагач даде квалитетна разлика од усвоениот дневен ред кога беше со Предлог на закон, сега да се задолжи предлагачот да изготви Предлог на закон. Тоа значи можност да се добие квалитет. И еднаш, Владата, во овој случај, преку коалиционото мнозинство, преку пратениците делува амандмански на Законот, а не да се служи со паролата - Владата размислува да работи на таа материја, не е готова, меѓутоа на истата материја освен неа никој друг не може да работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров, вчера се пријави за дискусија.

Господинот Петров се откажува од дискусијата. Господинот Поповски сака процедурално.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, јас би сакал господинот Томислав Стојановски да го замолам да објасни од кои причини овој закон не е гледан од страна на ЗПК и мислам дека беше ред пред да почнеме вчера со расправата да даде објаснување зошто тој закон не е гледан од ЗПК бидејќи по се, мислам неминовно е за било кој законски проект што се дава во процедура во Собранието да се изјасни најмалку ЗПК, ако веќе другите комисии избегнувале тоа да го направат. Значи, направен е еден преседан. Отворена е расправа без елементарен извештај од страна на

било која Комисија во Собранието, а особено повторувам Законодавно-правната комисија. Само такво објаснување е мислам нужно да се даде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред да го дадам одговорот зошто е ова, ќе му се заблагодарам на господинот Љубомир Поповски за ваквата интервенција.

Неразгледувањето на овој закон има две причини: Првата, во моето излагање е ставот на Владата што немаме мислење.

Вториот, битен, нема Парламент на Оваа Земјина топка каде се организира држава опозицијата да ја моли позицијата да го задоволи бројот да можат да се одржат седниците на Комисиите.

Господа пратеници, ЗПК не може да ги држи седниците затоа што пратениците од позицијата, ако не друго, прочитајте ги таму потписите, ги нема секогаш. Ова е за последниве три дена. Не се присутни. Денеска пак чекавме 3 часа. Пак ги нема. Претходните два дена ги немаше, меѓутоа само да напоменам дека тројца во таа Комисија се членови на СДС, еден е од групата ПДП и НДП, имаме од Либералната партија еден, меѓутоа овие господа се апсолутно, така да речам незаинтересирани а за господинот Флоре Масалковски тој е само по решение на ова Собрание член на таа Комисија. Содржински, јас сигурно ќе треба да го повторам зборот на една од членовите на стручната а комисија - Претседателе не ме праќајте да го најдам тој човек, јас не го познавам.

Одговорот е тој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога го упатуваме решението со предлогот за дневен ред, тогаш ниеден материјал не е гледан ни од една комисија, а комисиите после ќе се состануваат. Од закажувањето на седницата до почетокот на седницата двапати бев информиран дека Комисијата ЗПК е одложена заради неприсуство на доволен број пратеници - членови и затоа овде беше дадено, па ако некој имаше забелешка, требаше кога го утврдувавме дневниот ред да ме информира, а не да правиме преседан.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, прашањето на присутноста на ЗПК во конкретниот случај е многу ирелевантно. Претседателот на ЗПК кога ќе ги добие материјалите од претседателот на Собранието е должен да го постави на дневен ред. ЗПК како и сите комисии се соочува со одреден кворум, но досега за сите досегашни акции дава извештај. Зошто не е поставен овој Закон на ЗПК, тоа е одговорност и целосна одговорност на претседателот кој го закажува и утврдува дневниот ред, а дали ќе имаше кворум или не, тоа е прашање на... и не може да се зборува за плетеници како одговорност пред граѓаните избрани во таа смисла. Инаку проблемите на ЗПК вие сте свесни беа поставени пред ова Собрание и ЗПК расправаше и тие сметам дека треба да се расправат на една посебна седница во односот и работењето на таа комисија која е една од најзначајните. Деловникот во однос на тоа дали едно прашање е распрано и дали претседателот може да го постави на дневен ред има доста децидни одредби кои прашања можат да се постават на седница доколку немаат извештај од оваа комисија. Сметам дека основниот проблем е тука што не беше поставен овој предлог -за донесување на закон на ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го молам г-динот Стојановски да каже дали го постави а знаеме дека не се одржала седница. Бев информиран дека не се одржала седница, бидејќи немало кворум. Но дали и оваа точка ја поставил на седница. А тогаш што не дошле нема човекот никаква вина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали е поставена или не, од ракав не сакам да зборувам. Ќе го донесам дневниот ред, а г-динот Гештаковски како ми се чини сигурен сум дека е член на таа комисија. Па требаше да го даде дневниот ред, да го прочита и да каже дали меѓу овие точки го има, или го нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Обврска е на секој претседател на Комисија, особено на претседателот на ЗПК на закажаната седница од дневниот ред со кој е свикува седницата да ја стави точката на која е на седница сега. А тоа што нема членови, не зависи само од претседателот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници,точката која е на дневен ред, а и дискусијата која беше присутна вчера не поттикна да дадам едно мало објаснување , заради тоа што сум и претседател на комисијата за труд и социјална политика и во текот на оваа година и на претходните седници ние расправавме по низа позитивни законски проекти кои го регулираат прашањето на лицата прогонувани, затварани и осудувани за идеите на смаобитноста ка македонскиот народ и неговата државност, Така да и покрај тоа што на некој начин г-динот Стојков напомна дека овој Закон кој има политичка природа, а не материјална природа сакам да укажам дека

сепак оваа категорија на граѓани кои беа заштитени со членот 36 од Уставот на РМ се преточил во неколку законски проекти а пред се во Законот за пензиско и инвалидско осигуруваше како Нацрт кој е во фаза и тука веќе се обезбедуваат одредени права императивно зборувам заради тоа што и способно со Законот за воените инвалиди и со тој закон исто така се обезбедија истите права, така би можело да се каже дека овој Закон, односно оваа категорија на граѓани се запоставени во однос на точката 19 која вчера се однесуваше како пред лог за донесување на закон за правата за носители на партизанската споемница. Меѓутоа, сакам начелно да кажам и конкретно да се искажам за тоа дека не го прифаќам сега текстот како е предложен како закон од почитуваниот Тодор Петров и другите пратеници кои се потпишани така и предлагам сепак да го прифатиме мислењето на Владата, со тоа што би направиле еден поконзистентен закон и тогаш би ги одредиле и правата и критериумите и условите под кои треба да се обезбедуваат овие права во однос на рехабилитација на лица прогонувани за македонскиот народ. Во таа смисла значи го поддржувам Мислењето на Владата а не го прифаќам Предлогот на потписниците на тројцата пратеници.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога се бара рехабилитација и помирување, тогаш не може да се оди со напад на борците, на шпанските борци на народните херои и на сите оние кои паднале 1941 година, кои се бореле за ослободувањето на Македонија. Беше префрлено дека таа е идеологија, во секоја борба има идеологија. Илинденското востание е и со идеологија и Крестанско и Разлошко е со идеологија. Но со која За национално ослободување А 1941 година и национално ослободување и социјални правди, тие што тргнале први во борба и нема никој право да ги омаловажува борците, да ги омаложување народните херои и тие

носители на партизански споменици . Партизански споменици имаат и Илинденски споменици. Дадени се на илинденски борци. И тоа од оваа досегашна Влада. Шпански борци- колку има, има уште еден жив а тие што отишле во Шпанија не отишле за друго, туку отишле како доброволци, не само од поранешните републики, до поранешните југослвоенски краеви, туку и од Македонија кои отишле во Шпанија да се борат за одбрана на демократијата и за одбрана од фашистичката наезда на генерал Франко и неговите одреди и фашистичката интервенција на фашистичка Германија и фашистичка Италија. Тоа е со Шпанските борци и према тоа нема никој право да ги омаловажува, тие први стапиле во редовите 1941 година и тие се сите носители на партизански споменици. Ако не беше НОБ, ако не беше таа тогашна борба 1941 и 1945 година и АСНОМ ако не беше ние денеска можеме да бидеме само колонија или српска или бугарска. Тоа треба да му биде јасно на секого. Рехабилитација да, но рехабилитација не за оние кои биле во служба на окупаторот, кој биле контрачетници, кој биле окупаторски шпиони, тоа всушност го рече и авторот на овој Закон Тодор Петров дека тие не можат да бидат рехабилитирани,а сите оние други кој по било која причина вербален деликт или било како, имаат право на рехабилитација и треба да бидат рехабилитирани. Јас апелирам на сите за спогодба, апелирам на сите за разумно однесување према сите овие проблеми, бидејќи овие проблеми не се едноставни и овие рехабилитации треба да ги извршат судските институции, затоа што тоа го направиле, тие ќе се докажат кој треба да се рехабилитира итн. Према тоа треба да оди на судски процес.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Согласно своите демократски принципи затоа што предметот на кој треба да му реплицирам, односно г-дин. Никола Поповски не е во Собранието, не е згодно да се реплицира во вакви услови.

Инаку да им објаснам оваа деловничка одредба се однесува на правото на пратеникот да го дообјасни она што евентуално погрешно е сфатено или наведено од некој пратеник. Не му не му треба непосредно да му договара, туку на Собранието.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Претходниот дискутант изгледа излегува со една јасна концепција да ги омаловажува борците. Во мојот реферат тврдам ништо ен сфатив да ги издиференцирам борците, во смисла на тоа ако мисли. Јас апелирав само, гестот што го направи еден Бранд, еден Горгачов што ги предадете документите на осудените и стреланите офицери да го направиме и ние. Тие 400 споменици што ги има од 1941 година да го направат истиот гест што го направи еден Вилибранд од социјал демократската партија на една голема сила. Да излезат пред гробовите пред сите правнуци за идеите на ВМРО. Јас не кажувам дали се тие осудени или не. Што паднале и да ги видам оваа генерација додека се живи. Ним им се броени годините, да ги видиме и тоа е рехабилитација на една цела генерација што сме сите во заблуда, таа е заблуда што сите ние сакаме да ја пропагираме. Најголема рехабилитација ќе биде едно помирување на сите што носат споменица да излезат пред еден Ченто, пред еден Шатреп, Татарчев, од Ресен кој што не знаеме гробот каде му е и да не ги повторам сите тие личности . Тоа е моето барање а веројатно и вие ќе се согласите со моето барање. Но почитувани пратеници јас не сакам да внесам омраза н злоба во овој Парламент, јас сакам да се служам со чистота, а чистотата е во тоа што секој што сака да управува не може да се Спужи со злоба, со злочинство, да се служи со омраза, зашто тоа нема крај. Управувањето не е омраза.

Управувањето е само да се создава, а не да се руши. Не сум против рушење, против создавање. Создавање и континуирање на една идеологија кој со генерации, генерации погрешно ја знаат. Погрешно и јас ја знам .Погрешно и вашите деца ја знаат. Погрешно ја знае и цела Европа Сите сме во заблуда и новата генерација е во заблуда. Морам да завршам со последната реченица што сум во заблуда. На 11 октомври е стрелан еден македонец пред затворот во Прилеп. Тој бил некој македонец што чувал таму. Македонец со 6 деца од с. Смилево. Тие деца имаат и внуци сега. Тоа е она помилување. Не е криво детето што татко му сега од пред затворот во Прилеп да биде стрелан. Тој бил наш македонец Тоа е она вистинска рехабилитација.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Многу работи се кажани не сакам јас да навлегувам толку во тоа, меѓу- тоа ќе укажам на неколку раб оти што мислам дека ако овие се земат во предвид ќе мора да се донеси Законот. Прво велам секоја чест и почит на оние вистински што го дадоа својот живот и што се живи за идеалите на македонскиот народ. Кога го велиме ние, ние не велиме за нив, туку велиме за оние што така се прогласија покрај нив за борци, а би почнал со зборовите борци со дворци. За овие збориме борци што направија дворци, а не што се бореа за идеалите на македонскиот народ. Тука треба да се потенцира зошто кога се спомнува велиме дека е борец има споменица, зошто Методија Ченто нема споменица Зошто други борци што први го удрија. темелот за ослободување на Македонија и на македонскиот народ ги осудивме нив. Таа работа треба да се исправи. А не овде да кажуваме приказни. Можеби тие Шпански борци беа протерани како протагонисти од тука, па ги затече комунизмот таму и станаа борци. За мене е борец кој се борел прво за својата нација, за

својата држава, бидејќи тогаш и кај нас капитализмот беше^ , беше боржуазијата на големата српска држава, можел тука да се бори. Пред неколку единци кога зборувавме за ова, дали го поставивме прашањето, како што беше претходно од еден кажано, ако имаме толку борци со германците да се пресметаме ние за една година Да го поставиме прашањето да се изврши ревизија и да не ги гнавиме вистинските борци, ами да ги издвоиме и да им дадеме почит и признание,а на таквите лажни не само да ги отстраниме, туку и да ги казниме. Кој беа толку борци таму. Каде учествуваа, во која борба беше, со кои луѓе беа, на кое место учествуваа, колку Германци отепаа, колку бугари отепаа. Во тоа време така требаше да биде, а не борец стана со двајца сведоци, двајца потпишуваат,а третиот боречка пензија да зема. Тоа треба да се исправи, а не овде кој што глумиме овдека, борците,борците борците. Да се изврши ревизија и ќе се установеше и никој овдека немаше да покрене такво прашање. Да се_навредуваат чесните борци. И ќе престанеше со ваквата расправа. Колку е тоа чесно што борците кога се борци борци се за мене за се, а не само за своите прави да се борци. Еве гледате во сите градови бараат и со Законот ако м у се укинат некои привилегии веднаш рипнаа зошто не протестираат истите борци кога 3000 иљади души протестираа во РЕК за своите права да речеа каде се борците. Дајте да застанеме на работниот народ да му помогнеме Борец само за привилегијата? За пензии и за на море?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Го обвинувам ова Собрание затоа што секое нивно реагирање тап на сите по 10 примероци, на масите овде растурени се од сите соопштенијата, а работниците колку пати бараат да се достави до пратениците, ниеднаш не се умножи и не се достави. Значи"правилно ја водиме политиката ние, го штитиме работниот народ".

Колку се осетливи овие борци што треба да се борат и понатаму така. За некои мали привилегии, за пензијата, за привилегиите за на море се борат веднаш. Зошто со едно соопштение не излезат борците и да речат каде се пензиите што три месеци немаат земено пензионерите пензија. Тие значи не се членови на оваа држава. Само на нив да им се обезбеди се, а на овие другите, ајде, не требаат овие 200 илјади пензионери.

Во соопштението се вели оние што барале бандитизам и други таму погрдни зборови. Дали не се сеќаваат тие што прават бандитизам, што ги палат касите во млиновите, што е запален ладилникот во Битола, што е опљачкан и запален"Металец" . Зошто не станат да речат ова е провокација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има резонанса во преносот, во озвучувањето и ве молам немојте толку да викате.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не можат да го речат тоа а само ова можат да го речат. Овие што бараат не чинат, а тие што ги запалија, да ги сокријат арамиските работи тие чинат.

Целото наше раководство што на сите прослави во последно време доаѓа да ја прикрие својата злобна мисла. На сите прослави за

100-годишнината од ВМРО се истапанчуваа на чело таму, шлакаа, плескаа, а еве сега не сакаат законот да го донесат, тие луѓе да се рехабилитираат. Дали вистински сакаат тие тоа да го признаат или ги лажат нивните фамилии и македонскиот народ еве ние сме истомисленици. Затоа не само ова да се донесе. Мое мислење е и предлагам не рехабилитација. Рехабилитација по мое значи бил крив па сега ќе го помилуваш извесно време, туку да се донесе закон со кој тие да се прогласат за невиновни, тие кои се бореле за идеите на македонскиот народ и македонската кауза. Да се прогласат за невини и нивните пресуди со закон да бидат отфрлени како невини и чисти родољупци кои се бореле за македонскиот народ. Така треба да се дефинира законот и треба да се донесе. Редно е тоа еднаш да го направиме ако сакаме да го соединиме нашиот народ, а не да го делиме борци со борци, а овие не се борци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Томислав Стојановски има процедурална забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Беше прашање дали овој закон бил ставен на дневен ред или не

Со решение број 12-12/88 од 21 октомври 1993 година е закажана 88-та седница на Законодавно - правната комисија. Првиот ден да биде 27 октомври, вториот ден 28 и третиот ден 29.

Под точка 18 за 28 октомври е даден предлог да се разгледа Предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лица прогонувани, затварани и осудувани за идеите и самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО, со Предлог на закон. Сегашната точка што е на дневен ред и за која расправаме со иста содржина. Тоа е гледано на ден 3 ноември од

причините кои ги реков порано, немање кворум и се задоцни со одредени денови.

На таа седница Комисијата држејќи се за своите ставови кои ги определува, ако нема мислење на Владата или е отсутен предлагачот на законот да не се разгледува. Овој закон бил некаде околу 12 часот разгледуван и е констатирано дека нема мислење на Владата. После тоа, еве го извештајот од 3 ноември кој е доставен до сите пратеници. (Некои од пратениците бараа извинување). Извинување не треба.

На истиот ден 3 ноември 1993 година под број, организациона единица 31, тоа е Собранието под број 38-25/1 во 13,45 часот како што е запишано од страна на службеникот кој работи во приемната канцеларија на ова Собрание е дојдено мислење од Владата заведено под број 2390/300/392, односно 394. Какво е такво е мислењето, тоа е дојдено во зградата на Собранието. Извршена е експедиција до Службата на Комисијата. Немаме податок меѓутоа тоа е во втората половина на минатиот месец.

По распоред како дојде оваа седница да се држи, сабајле со секретарот на Комисијата видовме дека овој закон и уште други две резолуции, заправо декларации не се разгледани од Комисијата од исти причини, поради немање мислење на Владата а требаше да го разгледуваме на денешната седница. Фала богу, денешната седница која беше закажана за 10часот не можеше да почне ни во 12,30 часот поради отсутност на одреден број пратеници и тоа членови на Комисијата што се пратеници во ова Собрание. Од деветте колку сме таму членови, присутни беа тројца: јас, господин Ефтим Манев и Драги Гроздановски. По некој распоред на местата во ова Собрание сите тие тројца пратеници припаѓаат на опозицијата. Од позицијата која има за цел да носи законодавна и извршна власт во оваа држава не дојде никој иако

беа присутни по моја оценка, плашејќи се дека ќе дојде на дневен ред и законот за локалната самоуправа кој денес исто така е на дневен ред.

Господа, не треба да бидеме толку зајадливи еден друг да се навредуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам беа доволни напомените да се објасни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас овде не говорам само за овој однос, во овој момент што се однесува само на мојата личност во вршење на некоја функција. Говорам за односот на човек кон човек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама тоа не е на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е на дневен ред ама содржината од таму произлегува. Би сакал ако некој сака да каже нешто, на некого да му пришие како недостаток или врлина, нека го заснова на основа што произлегува од содржината на работата. Вака ако продолжиме да работиме навистина продуктивноста ќе биде апсолутно минимизирана за сметка на некој си бомбашки излегувања да се каже другиот не чини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Гештаковски бара збор да даде пак некои напомени

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека прашањето кое е на дневен ред е многу сериозно и претставува еден период од развојот на македонската држава што бара

поконструктивно и прообмислено настапување пред се од законодавен - правен аспект.

Самиот претседател на Законодавно - правната комисија кажа, со последните негови зборови дека не расправаше по законот и декларациите. На него барем му е јасно што претставува закон, што претставува декларација, од правен аспект. Не би сакал тука да разговарам на оваа седница, тоа би го расчистиле на ЗПК.

Претседателот на ЗПК од 3 ноември кога во 13,45 часот е добиено мислењето во Собранието не нашол да го постави тоа прашање во Комисијата. Кој лаже тука се фактите, за да денеска кога беше закажана ЗПК со сосема друг дневен ред и на вчерашната седница сите комисии фактички со закажување на седница на Собранието по автоматизам беа одложени, зборува дека денеска му текнало за овој проблем кога вчера го актуализиравме од законодавно - правен аспект. Прво, јас а и членовите немаме сознание дека требало денеска да се расправа за законот и за декларациите. И декларацијата поднесена од господинот Стефковски беше на закажаната седница на 3 ноември. И самиот пратеник во однос на законодавно - правниот аспект што значи закон за едно вакво крупно прашање, што значи декларација, општ политички став, зборува и самиот предлагач и особено координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ Томислав Стефковски кој самиот предлага декларација за ова прашање како општ политички став, а кој треба да го изгради ова Собрание, а својот друг дел, законодавниот дел преку целокупната законска регулатива треба да го гради ова Собрание.

Законот на одреден број пратеници пред се на Тодор Петров кој е изготвувач и Ефтим Манев со учество на Гулистана Марковска потписник, зборува за сосема нешто друго. Ни еден пратеник од ВМРО" ДПМНЕ, ни координаторот, ни претседателот на ЗПК не нашле за

сходно, сметајќи дека од правен аспект е неисправно решавање на овој начин. Ние имаме став, односно имаме пракса во однос на одредени постапувања на одделни луѓе кои се бореле за самобитноста на македонскиот народ и тие луѓе преку поединечен акт, треба да сфатиме едно, секој еден човек кој се борел за сувереноста, за идеите, за самобитноста на македонскиот народ бара конкретен правен акт да се поништи она што е речено за него во тој акт, низ нашата историја, пред се од 1945 година наваму. Сето тоа и за нивните фамилии и за нивните деца сега овде кога се зборува со големи зборови, сметајќи дека со извртување на фактите и доказите ќе се постигне нешто, тоа е правно исправно и ЗПК сигурно ќе го донесе тој акт. Сигурно сметам дека и почитуваниот Стојановски е убеден во таа работа. Секој, мора да ја разграничи пред се судската од законодавната власт. Тука е типичен пример на политички став и поединечен акт. Секој оној кој е репресиран е репресиран со поединечен акт, акт во. кој има пишувано некои работи кои не се ни за споменување во овој Парламент. Сите тие работи секоја фамилија и нивните деца сакаат да си ги стават, кои биле оцрнети во еден период, сакаат да си го стават во рамка и да го обелат својот образ пред целиот народ.

Сметам дека ЗПК и нејзиниот претседател не си ја извршија својата работа од 3 ноември непоставувајќи ги на дневен ред овие законски проекти. Точен е ставот на ЗПК доколку нема мислење, но мислењата и извештаите се тука и сметам дека не би требало, некој смета од пратениците дека некој овде претерува, а нивните ставови мораат да ги изнесат (од првата клупа) тоа е нивни став. Но сметам дека расправа пред се од законодавно - правен аспект нема во од- нос на прашањето кое е со голема тежина и зафаќа еден огромен период или една црна дамка во историјата на македонскиот народ и треба пред се со една стручна работа и во интерес на тие луѓе овој Парламент да ја

расчисти оваа работа во рамките на своите овластувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Томислав Стојановски повторно бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не реков ништо повеќе од содржината на списите. Меѓутоа сега поименично му се обраќам на господинот Гештаковски. Јас не сум приемна служба на Собранието. Во Собранието можат да дојдат акти кога биле испратени. Кога јас ќе ги добијам во службата тогаш за нив покренувам одговорност.

88-та седница на ЗПК не е завршена. Од извештајот јасно се види дека не е разгледувана од тие причини. Ние не можеме ова да го ставаме на повеќе седници. Таа седница со постоење на мислењето денес треба да се заврши, а не дали некој примил па не избрал време кога тоа ќе биде добро. Значи, приемот во Собранието не е прием кај Томе Стојановски. Приемот е кај секретарот на Собранието и тој врши понатаму дистрибуција на овие акти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи е спомнат и господинот Томислав Стефковски, тој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е добро што колегата Гештаковски се грижи за правилно работите на Парламентот. Меѓутоа неговата интервенција јас ја оценувам како обид да се спречи понатамошната распава по овој предлог за донесување на закон поднесен од господинот Ефтим Манев и госпоѓата Марковска.

Зошто го велам тоа? Треба да имаме исти пристап кога се залагаме за нешто. Еве на пример вчера ние го имавме законот за грбот. Тој не поминал на комисија, некој ја минирал комисијата, на мало кворум а ние овде расправаме најнормално. Оваа споредба што ја правам јасно укажува дека во случајов не пристапуваме еднакво. Немаме интерес за да ја кажеме вистината на говорницата, па ајде ќе бараме помош, не минало на комисија. Таква интервенција требаше да уследи вчера бидејќи расправајќи по законот за грбот каде што е потребно, внимавајте, 80 гласови. Ние ја почнавме расправата, ниту утврдивме дали има 80 пратеници присутни во салата, ниту дали минало. Мислам дека со такви работи не би требало колегата Гештаковски да се служи и да си продолжи текот најнормално како што е почнато по оваа точка од дневниот ред. Понатаму ќе кажам повеќе.

**АР ГЕШТАКОВСКИ:**

Прво, јас незнам што интервенираше колегата Стефковски и ништо не кажа во однос на одредени прашања . Расправата на Собранието по овој предлог за донесување на закон почна на вчерашната седница, а продолжува и денеска. Колегата Томислав Стојановски зборуваше дека е разгледувано и поставено на Законодавно - правната комисија. Неговиот став , тој ако смета во однос на разликата во однос на декларација и закон тоа е негово право. И незнам што објасни и што стана во однос кои се неговите факти дека ја спречувам понатамошната расправа. Ниту имам право, ниту можам да спречувам понатамошна расправа во однос на правилата на играта согласно Деловникот и расправата во ова Собрание која продолжува и претседателот ја води. Сигурно и на вчерашната седница за грбот можеше Стефковски бидејќи добро го познава Деловникот и смета дека го познава можеше да стане и да го истакне тоа прашање. А прашањето основно е прашање на декларација и закон. Тој добро го знае и ја избегава таа вистина во однос на правниот аспект.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас очекував од страна на претседателството интервенција во врска со објаснувањето на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за споредбата што ја направи со овој закон и законите за грбот. Станува збор за две различни ситуации процедурални, бидејќи законот за грб и другиот закон веќе беа утврдени и расправани на седница на Собранието на Четириесет и првата седница. Значи веќе е расправано. Овде станува збор на кој што Томислав Стојановски избегнува да даде одговор. Зошто од 3 ноември до денеска не заседавала Комисијата и не е изградено мислење е пропуст на претседателството што се отвори расправа без мислење на Законодавно

-правната комисија каде што е неминовно нејзино изјаснување. Тој одговор се уште го немаме добиено. Тука е разликата. Две различни процедурални ситуации се за законот за грбот и не треба да се поистоветуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никаков пропуст на претседателството. На време си е закажана оваа седница. Сите Комисии требало да заседаваат. Информиран сум дека немало кворум аз седницата, а заради немање кворум не можеме ние да не предложиме на дневен ред овде. А дали отвораме расправа, тоа зависи од сите Вас овде дали дозволувате, или не, дали прифаќате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако господинот Љубомир Поповски сега морам да го кажам по име и презиме, кога одговарав зошто Комисијата не работи беше надвор, тоа пардон, а ако е тврд на уши , нека бара од доктор интервенција. Па јас кажав, Комисијата не работи затоа што членовите на таа Комисија од неговата партија не доаѓаат на седница. Тие се причината што не се држат седниците. Тоа е одговорот.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

За првиот дел на коментарот на колегата, немам намера ништо да кажам. Овде станува збор за многу јасно и прецизно прашање Ќе беше најмалку фер и нужно од страна на претседателот пред вчерашната седница да ја отвораме расправата по оваа точка, да стане и да каже дека нема извештај од неговата Комисија. Мене не ме интересира со какви проблеми тој се соочува во работата на неговата

V/3.-

Комисија заради кворум, или да се префрла во една ситуација на отсуство на опозиција, или на позиција. Фер ќе беше да се каже дека нема мислење, туку тоа го премолча. Тука е работата. Мислам тука можеби има и делимична грешка и на претседателството. Јас затоа спомнав. Требаше да се каже дека низ една нужна обработка од страна на Законодавно - правната комисија во вид на извештај не сме имале што ја делегитимира расправата. Тоа е суштината на моето размислување

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изгледа пак ја враќа работата господинот Поповски. Се работи за тоа што јас убаво прочитав што има, што е доставено, а бидејќи не реков дека е доставен извештај од Законодавно -правната комисија, Вие кои ги знаете сите тие прописи треба да си водите сметка за тоа . Ако мислите дека за се треба да Ве извикувам и да Ве потсетувам, тоа нема смисла.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Народот испеал "криво дрво ќе исправиш, крив човек не".

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Точно е тоа, јас не да интервенирам,туку протестирам. Протестирам од причини што мислам дека залагањето од страна на левицата да се опструира расправата по еден ваков закон не држи, еве од кои причини. Деловнички , за да не ја опструираме расправата по овој законски проект. Само едно да констатирам, дека овде овој парламент не е судница за да оценува кој е крив, кој е прав и тоа е во законски проект не е да се оце1ува кој е крив и кој е прав, туку методологијата и критериумите кои лица ќе бидат рехабилитирани. Мислам дека поаѓајќи

од тој факт не треба да се плашиме и расправата треба да продолжи.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, пред нас е Предлогот аз донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО со Предлог на закон. По мое мислење доста сериозно прашање. Би рекол дека со оглед на она што се нуди како текст, мислам доста незрело за да дојде на оваа седница и да расправаме, да се произнесеме по тој текст. Кога го велам тоа тргнувач од фактот, го прочитав со внимание и морам да Ви кажам дека од неговата содржина малку и се возбудив зошто навистина станува збор за нудење на решенија кои заслужуваат малку поголемо третирање, поголемо опсервирање би рекол не само пратеничко. Можеби на тоа требаше да претходи и мислење и расправа на научни институции како што се Сојузот на историчарите, па дури и МАНУ. Јас Ве молам , јас мислам дека ова е доста сериозно прашање, би требало и сериозно да расправаме и да се сослушаме. Мојата намера со ова излегување тука не е да иритира никого, напротив бидејќи точката е на дневен ред и доста е сериозно прашање сакам колку што можам да придонесам во поглед на тоа сепак нешто да се искористи поводот и да се придонесе на овој план. Морам да кажам дека и јас како и многумина дека има потреба од донесување на ваков закон, мислам целисходноста од донесување на таков закон е неспорна. Меѓутоа, се јавува проблемот како да се пристапи кон нудењето на решенија за така чувствителна материја. кога реков има потреба од донесување на таков закон тргнувам

V/5.-

од фактот дека и други држави по напуштањето на стариот систем донесоа такви закони. Меѓутоа, станува збор за евидентни разлики меѓу таквите држави и Република Македонија. Додека другите држави до сега беа самостојни и суверени, но под друг систем социјалистички, комунистички итн. и сега кога раскрстија со таквиот систем секако бараат рехабилитација на тие луѓе што биле жртва на поранешниот систем што често ние си дозволуваме да речеме монистички, едноумие итн., меѓутоа случајот со нашата Република е малку специфичен. Но, тоа не значи дека не треба да се донесе ваков закон и за наши прилики за да колку, толку да се надминат одредени неправди што на некои луѓе им беа објективно нанесени поради суштествувањето на едноумието и поради делуваше во такви да кажам еднопартиски услови. Веројатно и намерата на авторот господинот Петров е таа во овој поглед да придонесе. Меѓутоа велам дека проблемот е толку сериозен што не може да се пријде само пратенички, или само од правен аспект, туку бара и поголеми опсервации и поголеми размислувања за тоа како, заправо да се разграничуваат работите. Јас би потсетил во оваа прилика дека Македонија до вчерашна социјалистичка, а сега Република Македонија самостојна и суверена и демократска, социјална држава 45 години делуваше во рамките на СФРЈ и слободата и таквата самостојност и сувереност Македонија ја извојува во заедничката борба на сите југословенски народи. Тоа е еден факт кој ние не можеме да го игнорираме. Секој обид тој факт да се игнорира, по мое мислење значи коригирање на историјата. Мислам дека историјата е таа учителка наша и таа мора да се цени. Ние како Парламент очигледно дека ние со донесува е на акт кој што не' е доволно фундиран и научно и историски не можеме,ја немаме таа моќ да ја менуваме историјата.

А донесувањето ан ваков акт и вака како што е предложен значи менување на историјата и доведување во прашање на она што било како напор на сите југословенски народи за слобода на Југославија од Триглав до Гевгелија како што често имавме обичај даречеме, а во рамките на тоа и за извојување на слобода за Македонија. И мора да се признае дека Македонија живееше во два периоди. Може да се каже дека овој период од 1945 година па до прогласување на самостојноста и сувереноста на Македонија од нас тука,на тој историски чин беше еден значаен преоден период, би рекол прва фаза кон целосната самостојност и сувереност што ние ја прогласивме. Сакам да кажам дека самостојноста и сувереноста во онаа смисла како што прижелкувале граѓаните на Македонија, а пред се македонскиот народ се извојува на овие клупи и тоа би рекол поради стекот на околностите што до-вчерашна Социјалистичка Федеративна Република Југославија мораше да се распадне. И ние искористувајќи го би рекол, искористувајќи ги тековните од НОБ на југостповенските народи и народности од една страна, а и мудрата политика што ние ја водевме, би рекол и како Парламент и како држава на чело со господинот Глигоров, ние прогласивме самостојност и сувереност и со тоа би рекол дека се оствари вечниот сон на македонскиот народ, па и на сите други граѓани што живеат во сега суверена, самостојна Република" Македонија. Велам дека кога се зборува за овој проблем мора да се имаат во предвид тие околности. Секое навраќање на нешто што било романтична желба во услови на една поранешна Југославија кога и македонците и други граѓани, би рекол Југославија пред Втората светска војна биле потиснувани, национално онеправдани итн., Мислам дека мора тие напори, тие залагања луѓето да се гледаат го критична доза. Еве, да кажеме вчера од авторот па и од некои мислам се потенцира една мисла дека тогаш се бореле за единствена Македонија. Па, дури се смета дека

не упатувањето на војска кон Солун било грешка. Јас во оваа прилика ќе потсетам, што ќе значеше тоа заправо ако се одеше кон Солун, а да не се одеше кон север. Темата е симпозиумска, морам да кажам, но бидејќи се отвори, поводот е тој. Па да речеме, јас морам да кажам само како дилема, што ќе значеше тоа да кажеме за Македонија ако војската се насочеше кон Солун? Како ќе не разбереа сојузниците и какви ќе беа последиците ако нешто слично се случеше? Јас само како дилема го поставувам ова, а не сакам да кажам зошто не се оствари тоа. Би рекол дека добро е што не се отиде таму зошто навистина последиците и по Република Македонија и по македонскиот народ ќе беа катастровални. Тоа е мое мислење. Па затоа кога се зборува за тој период мора да се има доза на критика и критички да се гледаат работите што било можно и што било неможно. Јас мислам дека сета заслуга за оваа денешна, наша Република Македонија припаѓа на тие борци од Втората светска војна кои што оставија коските и на македонски простор, па дури и ширум Југославија довчерашна. И би рекол дека Македонија е плод на таквата заедничка борба и би рекол одлична и супер позитивна тековина на која ние денеска се радуваме и на која ја градиме иднината. И секое навраќање на тоа со еден некритички поглед, значи негирање на нешто ш^го нашите претходни генерации го создавале за оваа денешна Македонија и фаворизирање, или пак променување на улогата и дејноста на луѓе кои што свесно или несвесно не придонесувале за Македонија. И затоа дошле во судир и со закон и со пропис. Мислам тие околности мора да се имаат во предвид кога се зборува за ова прашање. Па затоа мое мислење е дека се искористи поводот за расправа по ова, но ние не можеме да донесеме ваков закон, не можеме во најмала рака со таков наслов и со таква содржина. Мора да се преработи, мора во меѓувреме

да се извршат добри консултации, затоа што станува збор за коригирање на историјата.

Јас морам во оваа прилика да речам дека има потреба некои луѓе да се рехабилитираат, па дури и да се обесштетат кои што несвесно, или кои што поради една, или друга причина но не суштинска потпаднале под санкции на законот. Но, тоа мора да се регулира со закон при што добро ќе се разграничат работите до крај кој за што бил во минатото и што треба да се вреднува, што не треба да се вреднува. Инаку кога сме кај идеите на ВМРО што во оваа прилика се протежираат за да посебно се нагласи, јас мислам дека идеите на ВМРО во минатото варирале. Морам да кажам, едни биле идеите на ВМРО би рекол светли идеите на ВМРО за време на Илинден кој значеше би рекол спас за сите жители на Македонија, ја имавме како круна на сите тие борби заеднички Крушевската Република на чело со Никола Карев, Собранието на Крушевската Република па и Владата на Крушевската Република во која биле застапени сите националности што служи како модел како треба да се организира една модерна држава. Но, имало периоди кога се отстапувало од тој светол пат на ВМРО. И тоа мора да се има во предвид и мора да се оценува.

И конечно, мое мислеше е, со тоа и би заклучил дека заради тоа што било реалност до вчера и заради тоа што треба да биде реалност и отворање пат кон заедничката иднина, ние мораме да размисли за донесување на закон кој би гласел: Закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за суверeноста и самостојноста на Република Македонија и за рамноправност на нејзините граѓани.

VI/1.-ЛП/НД

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, иако сме малку ќе се сослушаме, секако, потрошивме два дена за овој закон и за оваа тема.

Најискрено да Ви кажам дека кога вакви теми ќе започнат во овој Македонски парламент и особено на една ваква линија или спротивставеност меѓу македонците во овој парламент, најтешко ми паѓа и како да го продолжуваме оној наш поранешен синдром на самоуништување или самонегирање итн. Незнам зошто постапуваме секогаш така, кога во нашата историја имаме добри примери, кога поробувачот, дури и поробувачот кој го поробувал македонскиот народ и кога го убивал револуционерот наоѓал сили во одредени моменти да му даде одредена почит, одредена заслуга. Ова го потенцирам заради една работа која сакам пред Вас да ја истакнам. Мене посебни идоли ми се, и двајца наши револуционери, искрени македонци кои се бореа за независна суверена македонска држава, се Христо Узунов и Стеван Наумов -Стив, кој е растен во моето село Лововарди. Кога Христо Узунов со својата чета во село Цер -Кичевско погина, поправо кога се самоуби да не се предаде на турскиот аскер, офицерот на турскиот аскер кој ја раководеше оваа опсада на комитите, кога ги погледа сите комити убиени, самоубиени, тој ја построи својата војска им заповеда по еден куршум во воздух да испукаат за револуционерите, за кои им кажал со следните зборови: Вака ве гине за својата татковина, вака се гине за својата слобода. Слично нешто се има случено и при погибијата на Стив Наумов и Мите Богоевски во село Волно-Ресенско.

Овие мои два идоли ме поттикнаа токму на оваа дискусија овде да укажам на еден факт дека мораме ние како македонци еднаш конечно да си подадеме рака. Мислам дека немаме толку големо зло направено меѓу себе барем во овој Парламент, барем во овие сегашни генерации за да биде тој јаз толку голем за да не можеме да си простиме еден на друг. А ние како православни македонци, без разлика, ние имаме и македонци муслимани, сеедно, имаме и празници на кои си ги простуваме сите гревови, сите грешки и т.н. Затоа посебно сакам да укажам, дајте еднаш да не ги поставуваме работите секогаш да мора да правиме антагонизам, да мора постојано да се делиме и во овој случај повторно во ист кош да ги ставаме и оние луѓе кои чесно патриотски се бореле за оваа Македонија во Илинденскиот период и меѓу двете светски војни и исто така и во оваа Светска војна против фашизмот итн. Зошто да ги поставуваме работите дека левите с еза една група луѓе, десните се за друга група луѓе, кога станува збор за една иста благородна идеа, една иста цел која ние г во овој парламент кажа тука и Шабан Превала, ја изгласавме овде во овој Македонски парламент сувереноста и независноста на Република Македонија. Зошто не се поучиме на мина-тото? А луѓе кои не гледаат во минатото, не се учат од минатото, никогаш не може да ја градат иднината квалитетно и просперитетно. Тоа е аргумент број еден од кој мораме секогаш да тргнуваме и да се учи~ме. Зошто да не се поучиме од основниот пример? Еве, ќе го земам и "Сердарот" на Глигор Прличев, каде што Кузман Капитан паднал убиен од албанците во таа нерамномерна битка, но и кај албанците, кај тие што го убија имаше храброст и чест телото на мртвиот Кузман Капитан да го однесат на неговата мајка и да кажат - овој беше борец, вистински патриот, храбар човек кој заслужува да биде однесен во нејзиниот дом и да ги ужива сите почести, да се погребе на начин како што треба д се погребе. Зошто ние не можеме денес, после една таква временска

дистанца, после еден изминат период да не можеме на нашите луѓе кои загинале за слободата на Македонија, за една таква кауза денес да пречекориме преку една таква бариера и да кажеме дека тие македонци вистински се бореа за Македонија. И треба да се поклониме, да исфрлиме по еден куршум во чест на таквите празници, да се направи еден споменик на сите такви знајни и незнајни луѓе во република Македонија , во оваа Македонија. И зошто секогаш да гопсотавуваме прашањето: Што ако беше, што ако таа војска на Калето во Скопје заминала за Солун, а одите по друга логика на Срем. Што ако ВМРО-ДПМНЕ дојдеше на власт во оваа Република Македонија? Можеби, луѓе, подобро ќе беше, меѓутоа, зошто да се враќаме и да ги псотавуваме прашањата. Нас денес не води една мисла, имаме веќе самостојна суверена независна Република Македонија. дајте околу тој стожар да се обединиме. На кој му е мило за оваа земја, без разлика дали е македонец, дали припаѓа на малцинствата, секој што и мисли добро на оваа земја, дај те да ги изградиме односите такви и врз такви односи можеме во иднината да гледаме со прави очи и просперитетно. Инаку, антагонизмот ќе расте со уште поголема жестина. Верувајте дека ваквите неразумни постапки, и наши овде како пратеници, на две антагонизирани страни, едните "за" , другите "против" нема да не одведат до правиот крај.

Исто така сакам да укажам и на овие писма што доаѓаат од страна на Сојузот на борците од било кој дел на Република Македонија. Спомнато е дека со овој закон на некој начин ќе дадеме рехабилитација цитирам , "на оние луѓе кои се служеле со бандитизам и со шпионска соработка". не смееме вакви работи да си допуштаме во било кој допис овде кај пратениците или во било кои други институции. Не смееме повторно со одредени мисли, со одредени зборови да го подгреваме

јавното мислење кај одреден број луѓе во Република Македонија, само да се конфронтираме. Ние со овој закон или воопшто ако утре донесеме друг или другиот парламент што ќе дојде после нас, не може закон да се донесе за рехабилитација на бандити, на шпиони, на незнам какви луѓе. Бандити, шпиони, крадци се знае во која категорија луѓе завршуваат и според Кривичниот закон на оваа правна држава на Република Македонија. Какви се овие произволности пишувани по овие написи? Тоа ништо добро не води кон тоа да направиме една компактна нација во Република Македонија, да направиме една држава која ќе работи по мерила и критериуми и во словото на законот, а не во словото на чаршијата, во словото на анархизмот и во словото на анархијата.

Затоа, ќе завршам со тоа, ги кажав овие примери не да се конфронтираме, не да се караме, имаме прекрасни луѓе од сите временски периоди на Република Македонија до овој ден кога ние кажавме, ја прогласивме суверeноста и независноста на Република Македонија, кои заслужуваат да имаат посебно место и во историјата, посебно место и во литературата, посебно место и од оној заеднички живот што овде го егзистираат повеќе малцинства во Република Македонија итн. Со еден збор, има место за сите, но нема разум кај сите и со усвитени глави и со прегреани мозоци мислам дека во овој парламент не можеме да расправаме, игнорирајќи ја едната страна, фаворизирајќи ја другата страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Иако требаше да добијам збор многу порано,но Ви благодарам што сепак ми дадовте збор.

VI/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добивте кога бевте на редот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, го подржувам предлогот на пратеникот Тодор Петров за донесување на закон. Пообемно би се изјаснила по ова прашање околу Предлогот на декларацијата од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за осуда на монтираните политички процеси и судените за идеите на ВМРО, но поттикната од некои ставови кои беа изнесени пред се од пратениците на позицијата, морам да кажам неколку работи.

Имено, иако тие во своите политички програми се полни со залагањата за демократија и за воспоставување на правна држава, зачудува што во своите расправи, во своите залагања на поддржуваат еден прелог на закон кој што требаше да биде доставен уште со формирањето на овој Парламент, уште првите месеци, со кои што македонската држава во целина би се оградила од она што се нарекуваше тоталитарен режим во кој што беа применувани репресии врз луѓето кои поинаку мислеа и кои се залагаа за самостојна македонска држава. Пред се, тука би се задржала на излагањето на пратеникот Шабан Превала, кој за жал голем број ставови кои ги изнесе се во доход на старото гледање на македонската историја и на борците за самостојна Македонија. Имено, се бараше историчарите да се консултираат пред да се донесе овој закон. Мене воопшто не ми е јасно зошто е потребно историчарите да се консултираат дали тие треба да оценат кои од осудените за идеите за самостојна Македонија и за ВМРО на која струја припаѓале и дали се подобни или не се подобни, па потоа да оди на рехабилитација, да се изврши рехабилитација и да се симне пресудата. Ми се чини дека ваквото гледиште е во доход на државните историчари кои беа под диктат и контрола на стариот режим, во кој што за сите

работи па и за историјата одлучуваше политиката на Комунистичката партија на Југославија. Факт е дека овој став воопшто не може да се прифати пред се од принципиелни причини, но знаеме дека голем број на теми во македонската историја и денес се табуа и голем број на документи нам не ни се достапни, исто така ни на историчарите, сеуште не се отворени архивите за да можеме објективно да ја процениме вистината за еден настан. Исто така, е несфатливо како може оние кои биле за самостојна Македонија да се прогласат за романтичари пред формирањето на овој македонски Парламент. Јас би го кажала токму спротивното дека тие не се романтичари, тука биле реалисти на времето. Не може македонската историја и залагањето за самостојна држава да се сведе на период од три години. Фактичката состојба покажува нешто сосема друго и овој закон е предложен исто така и декларацијата токму да им се оддаде признание и да се симнат неоснованите пресуди. Исто така, да се изврши рехабилитација на тие што биле стрелани, што биле осудени на смрт, а кои се залагале за идеите на ВМРО и за самостојна македонска држава.

Исто така, не би се согласила со оние гледишта кои сметаат дека треба да се прогласи, како што беше кажано тука национално помирување или еден пратеник употреби еден туѓ збор, споразум, на македонски би се рекло спогодба на судиите или на џелатите и оние што биле осудени. Може да се прогласи национално помирување на тие што биле за независна македонска држава, независно од политичките разлики, но не може да им се прости на тие кои извршиле ликвидација на Ченто, на Панко Брашнаров, кои п убиле без било какво обвинение на еден ѕверски начин струмичките студенти, исто така кои вршеле репресии и ги ставиле своите потписи на стотици македонски патриоти судени после 15 година за идеите на самостојна Македонија и за идеите на ВМРО.

Истовремено, од еден пратеник од СДС беше поддржано едно мислење на пратеникот Веби Џемаили на ПДП дека не може сега тука сите луѓе кои биле судени за идеите на ВМРО да ги рехабилитираме, затоа што имало и такви кои се залагале за Санстефанска Бугарија. Тука од оваа говорница, иако сите што настапија не се историчари, си дозволија да толкуваат одредени настани и да покажат тотално незнаење на македонската историја и на историјата на ВМРО. Независно на кои струи припаѓале припадниците на ВМРО, никогаш ниту еден припадник не се залагал за Санстефанска Бугарија. Тоа е нотoрна лага, невистина, но ме зачудува како пратеник припадник на македонската нација само да го извалка лицето на политичкиот противник, а тука се работи за ВМРО-ДПМНЕ како наследник на идеите на ВМРО, го извалка и сопственото лице и плукна на стогодишната историја на ВМРО. Ми се чини дека навистина тоа не го заслужуваат сите припадници на ВМРО во текот на овие сто години на ваков начин да се пристапува кон сопствената историја. Изедначувањето на идеите за Голема Бугарија или за Санстефанска Бугарија со идеите за ВМРО,поврзувањето, тоа беше конструкција на УДБА за попречување на заживување на секоја идеја за самостојна Македонија во рамките во рамките на Федерална Југославија. Оваа формулација од болшевичкиот арсенал за уништување на секој обид за индивидуален или национален, за воспоставување или негување на индивидуален или национален белег.

Исто така, беше укажано - еден став конкретно од пратеникот на СДС дека борците за воспоставување на социјализам или комунизам треба да се изедначат со сите учесници во НОВ. Тоа не е точно, бидејќи голем дел македонски борци кои учествувале во антифапистичката војна не учествувале од идеолошки причини, туку учествувале чисто од патриотски причини за да се спротивстават на агресијата и окупација на Македонија. И никој нема прави на оние луѓе кои не припаѓале на ниедна партија, кои не се залагале за воспоставуваше на комунизам да и се

наметне таа идеологија со самото тоа што учествувале во НОВ. Тоа е исто така ноторна невистина.

Од оваа говорница беше укажано и од пропагандата тоа често го слушаме преку средствата за јавно информирање во соопштенијата на Претседателството на борците дека ВМРО-ДПМНЕ дека е против борците. Тоа не е точно. Факт е дека уште со формирањето на ВМРО-ДПМНЕ од страна на лидерот на Партијата господинот Љупчо Георгиевски, беше укажано и оддадено признание на оние борци кои во тој период се излагале за самостојна македонска држава и при денешниве залагања за формирање македонска држава се повика на 100-илјадитната војска која постоеле во Народноослободителната војна како основа за создавање на денешната македонска армија. ВМРО-ДПМНЕ е против оние борци кои зборуваат и имаат една дистанца, нели спрема оние борци кои си даваат за право да зборуваат во име на сите борци и пред се на оние борци функционери кои учеството во НОВ го уновчија и го експлоатираа во повоениот период за разни функции и тоа високи функции, во денешно време за мошне високи пензии кои изнесуваат од три до четири илјади милијарди. Тоа е една одредена група луѓе, ги знаеме кои се тие луѓе,и денес се појавуваат на сите манифестации, исто така, уживаат привилегии, живеат во општествени куќи благодарение, повикувајќи се на тоа минато живеат во општествени куќи од 600 квадрати а логично од овие причини тие денес се жилаво против промените на системот само да не ги изгубат сопствените погодности затоа, активно се вклучуваат во кампањата против опозицијата, нарекувајќи ја националистичка, екстремистичка, фашистичка итн., измислувајќи дека ВМРО-ДПМНЕ е против сите учесници во антифашистичката војна. Тоа што некои дискутанти сакаат да го дискредитираат денес ВМРО слепи од омраза заборавaат дека ВМРО независно дали се работело за левица или десница, од секогаш

било единствено во целта за создавање на независна Македонија. Фактички ВМРО во еден одреден период, тоа е некаде 20-тите години овозможило на територијата на Македонија да се создадат речиси сите елементи на македонската држава и претходно во рамките на турската империја. Редица водечки политичари од левите партии денес тоа го заборавaат тврдејќи дека Македонија постои како држава уште од АВНОЈ иако податоците денес зборуваат дека на АВНОЈ воопшто не било споменато името на Македонија и независниот неделник "Дело" го објави оригиналниот документ во кој што името на Македонија е допишано 1953 година со ракописот на Тито.

Имено, откажувањето од нашето историско наследство не доведува во една ситуација сами да се откажеме од сопствената историја пред светот, да се добие една погрешна претстава дека Македонија има само еден краток период сопствена држава или дека идеите за сопствена држава не биле присутни во нашата историја. Ми се чини дека ниеден претставник на народот, тоа навистина не можам да го разберам, не се откажува од сопствената историја или не ја омаловажува. Напротив, врз основа на сопственото историско наследство настојува да воспостави денеска една модерна држава каква што настојуваме и ние да воспоставиме македонска независна, демократска држава. Сите тие постапки се прават само од идеолошки причини, иако се работи за вредности кои се однесуваат на нашата егзистенција и на смислата на секој од нас, а тоа е постоењето на независна Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од еден час.

(Седницата прекина со работа во 1 ,30 часот.)

VII/1 сп/ел

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да продолжиме со работа.

Има реплика г-динот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, нема да Ви одземам многу време, како што немам обичај да иритирам исто така, немам обичај да реплицирам, меѓутоа, колешката Доста Димовска прозивајќи ме на некој начин упати некое прашање или дилема на што сум должен на некој начин да одговорам. Таа рече , меѓу другото, упати забелешка за тоа дека и тие што не се историчари се мешаат во оваа работа, а од друга страна повикувањето од моја страна на историските факти било старомодно. Јас мислам дека ние мораме да ја почитуваме историјата затоа што токму заради тие историски факти денеска расправаме за закон кој сака да ги потврди целосно или делумно историските факти што значат во секој случај за континуитетот на историјата на македонскиот народ и на Македонија во целина. Заради тоа ние мораме да ги почитуваме тие факти затоа што тоа е основа на која се гради иднината. Јас имам голема почит кон луѓе што професионално се бават со историјата, особено кон Сојузот на историчарите на Македонија, кон МАНУ, заради тоа се повикувам кога расправам за овој проблем кој за мене е доста сериозен.

Понатаму се упати дилема за тоа дали борците за самостојноста, за самобитноста и државноста на Македонија дали биле романтичари или не. Јас не тврдам дека се романтичари, меѓутоа, идеите имале романтичарски карактер оти ако НР ГО речам тоа, тоа ќе значи дека јас ќе дозволам вие односно Собранието со закон или на друг начин да

изедначи и други луѓе кои се бореле , како што се бореле Македонците за обединета Македонија, така некој се борел да кажам за обединета Албанија. Зборувам за етничка Албанија како и за етничка Македонија, меѓутоа, во секој случај и едните и другите имале некој занес и во услови кога се одвивала војната, во услови на војна нема сувереност, тука се е подложено на стихија. Би сакал да кажам дека ние до колку загриземе во тоа да на едни им признаеме право и дури да ги рехабилитираме, токму заради тоа што се бореле за обединета Македонија по цена на менување на правецот на дејството за остварување на таа обединета Македонија, тоа значи дека ќе треба да им дадеме право и на оние кои се бореле за обединета Албанија, да ги рехабилитираме така-наречените балисти кои биле всушност национални патриоти како и македонските национални патриоти за својата кауза. Дозволете таа дилема треба да се има предвид. Јас само потсетувам во оваа прилика не сакам да пресудам. Но , само како идеа. Мислам дека таа работа мора да се има во предвид.

Токму поради тоа се наметнува потребата од одредени разграничувања. Кога ќе се предложи конечната верзија на овој закон, а јас мислам дека ова е неприфатлив заради многу празнини и заради тоа што многу работи не се зрели. Јас тоа го кажувам најискрено, немам намера да девалвирам труд на еден наш уважен колега кој е најголем работник од сите нас и кој ќе остане забележан во историјата на овој Парламент. Меѓутоа, во тој романтичарски занес како што сите во струката имаме романтичарски занес, нафрлил некои работи кои се докрај непроверени. Тие мора да се проверат, затоа што утре ние ќе се судриме со реалноста која може да биде доста горчлива и да ни забележмг нам како на Парламент утре оти овој закон до денеска е на група независни пратеници, а утре ќе биде закон кој ќе го донесе

Собранието на Република Македонија, како највисок орган на власта,.. меродавен орган, па дозволете ние мора да водиме сметка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви помина времето на репликата.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас сакав уште малку нешто да кажам, но конечно да завршам со уште една реченица, затоа јас ќе се согласам за рехабилитација и други права на сите лица неосновано прогонувани, затворани и осудувани во борбата за самостојност, сувереност и рамноправност во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Веби Џемаили - реплика.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас изгледа погрешно сум сфатен вчера, па затоа денеска сакам пак да го потврдам тоа аргументирано.

Кога реков левата струја и десната струја јас мислев на ова што сакам сега да го аргументирам. Македонскиот и Албанскиот народ во својата историја до сега не знаеле за слобода. За да бидат уште пожестоко потиснати и фрлени во едно тешко и безусловно ропство тие беа насскувани еден против друг за меѓусебно уништување. Тоа беше лесно затоа што во редовите на едниот и другиот народ се наоѓаа луѓе кои од себични интереси се ставаа во служба на Турците, големо Бугарите и големо Србите. Заедно со нив тие водеа безпоштедна борба против братството и единството на двата народи.

Непријателската политика на непријателите зема најсилен замав во текот на триипол годишната тешка и за овој крај сурова окупација. Затоа мислев дека и за времето на Ванчо Михалов и за времето на нашата НОБ сите знаеме дека Белград беше бомбардиран на 6 април, а бугарската војска со нашите слуги ја дочекаа бугарската војска на 7 април во Скопје. Што е тоа? Тоа значи меѓу нас во овие простори имавме такви слуги. Јас сум бил против тие слуги на грото да им даваме ордени и пофалби дека сите заеднички се борат за самобитноста на македонскиот народ и македонската држава. Тоа ми беше целта. Поради тоа сите ние ги знаеме делата на Ванчо Михајлов и делата на Шаторов за што и за какви идеи и за какви цели се бореле во 1943-1944 година.

Сосема на крајот сакам да подвлечам и ова благодарејќи на учителите од Албанија, на комунистите од Србија и на нашите студенти од Македонија кои беа студенти во Белград, Загреб и другите центри успеавме да ја ослободите оваа наша татковина. Ако сакате да го сфатите вака, а вака е , а ако не сакате, тоа е ваш проблем јас не знам зошто Доста не сака да се согласи со мене и господинот Георгиевски, но ова е вистината, затоа реков не целото ВМРО како целина да се прифати како со прогресивни идеи и како прогресивни носители нивните членови.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

За жал и двете реплики го потврдија она што беше искажано во моето излагање и последната реплика на г-динот Веби Џемаили, кој е историчар , колку што знам, по професија, покажа една тенденција која беше присутна 50 години во нашата средина, сите оние Македонци кои се залагаа за идеите на ВМРО , за воспоставување на независна и

самостојна македонска држава и демократска држава да се идентификуваат со Ванчо Михајлов, а факт е дека"во сите обвиненија оние за кои постојат обвиненија и пресуди беа судени за ВМ. Фактички г-динот Веби Џемаили размислува во тој дух на обвиненијата на иследниците во времето на тоталитарниот режим. Јас навистина жалам , но факт е имам разбирање за ваквиот начин на мислење, бидејќи до сега многу документи и онаа историска литература што беше објавена кај нас од една страна ја величаше левицата во ВМРО и тврдеше дека е таа за самостојна Македонија, а сето она што беше десница во ВМРО го прогласуваа дека се бугарофили, дека се за Санстефанска Бугарија, Вие така рековте, што е една тотална невистина и за среќа оваа година кога одбележуваме 100-годишнината од ВМРО една група македонски научници доктори и магистри по историја ја објавија златната книга на ВМРО и јас ве упатувам на таа книга да ја прочитате ваши колеги ќе видите дека имаат сосема поинакво толкуваше на историјата на ВМРО и докажуваат со документи кои не беа познати до сега, дека и левицата и десницата во ВМРО се залагаше , имаше единствена цел за независно од политичките разлики и разликите околу методите за независна Македонија.

Од оваа говорница вие употребивте термин Албански народ, а факт е дека во Уставот стои терминот албанска националност и ми се чини дека не треба да се злоупотребува оваа говорница.

Што се однесува до репликата на Шабан Превала исто така и тој ги потврди изнесените факти, повторно се повикува на некакви историски факти од оваа говорница, па прашање е што се историските факти

Ние знаеме дека постојат голем број на табу теми денеска и дека голем број на личности се избришани од македонската историја. За жал, генерациите кои денеска прв пат дознаваат за редица македонски патриоти кои се бореле за самостојноста на Македонија и не можеме ние да ги толкуваме историските факти се додека постојат табу теми и заклучени документи во историските архиви. Не можеме од позициите на толкувањето на историјата низ призмата на политиката како што беше досега пракса се до оваа година и по диктат на Комунистичката партија на Македонија да им судиме на тие што се залагале за македонска независна држава.

Исто така не можеме да бидеме толку самобендисани и да кажеме дека откако дојдовме во Парламентот валидни се нашите залагања за самостојна Македонија , а дека сето пред тоа било само романтичарство и занес. Само да Ве потсетам дека партијата ВМРО-ДПМНЕ кога 1990 година се формира и се залагаше за самостојна Македонија во средствата за информирање и од Ваша страна беше жестоко обвинувана дека негува нереални романтичарски идеи.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Јас и благодарам на професорката по марксизам, таа има добро знаење од историјата, но вистината е една. Точно е дека на 7 април нашата Македонија е прогласена за западна покраина на фашистичка Бугарија. Сакале да прифатиме или не, ова е вистина. Се знае проблемот за Тетово кому требаше да му припадне на Бугарија и на фашистичка Италија.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Очигледно дека пратеникот Веби Џемаили нема никакви други аргументи за да ми реплицира , бидејќи како историчар не располага со доволно историски факти и се потпира само на комунистичката историја која беше протежирана од страна на режимот која владееше во Македонија до 1990 година и затоа се служи со дисквалификации. Инаку, за Ваша информација јас сум професор по филозофија, така ми пишува во дипломата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сејфедин Харуни.

VII/8

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници,

Точката што е на дневен ред - Предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Предлог на закон, генерално не го поддржувам, туку се согласувам со ставовите изнесени на оваа говорница од Никола Поповски и Шабан Превала.

Немав намера да се вклучувам во расправа за овој законски акт предложен од независниот пратеник г-дин Тодор Петров, бидејќи со оглед на неговата содржина не заслужува внимание генерално да се дискутира за се и сешто. Повод за да се вклучам во расправата се излагањата на некои колеги пратеници.

Во последно време стана практика од одделни политички партиски кругови да се покренат бран жестоки и непринципиелни на- пади врз НОВ и боречката организација, со еден нихилистички однос кон се што е создадено во нашата држава по Втората светска војна, односно, по ослободувањето на Македонија од фашистичките окупатори и по создавањето на Првата Македонска држава.

Се говори дека се работи за неорганизирана, идеолошка и болшевичка организација, за галениче на сегашната власт која претставува голем финансиски товар за државата а се изнесуваат и други тешки квалификации на сметка на Сојузот на борците на Македонија, со цел да биде оцрнет пред јавноста. Неколку говори сами по себе говорат за оние кои ги изрекле на сметка на борците за ослободување на Македонија, во која борба се дадени и многу животи: болшевичка банда, последно болшевичко дувло наречено Сојуз на борци, итн. Веќе од порано се заговара укинување на боречката организација, се посега по правата на борците и особено по финансирањето на Сојузот на борците на Македонија.

VII/9

Не е ли логичен одговорот дека со барањата за укинување на Организацијата, барањата државата повеќе да не се грижи за борците итн., всушност, индиректно се негираат НОВ и придобивките од него.

Историските факти говорат дека во Македонија во текот на Втората светска војна се развило самостојно движење кое прераснало во Прва Македонска армија која ја сочинувале над 100 илјади борци, организирани според сите војнички правила. Македонската Армија водела војна за ослободување на државата, но и војна против фашизмот, беа на страна на антифашистичката коалиција, како партнер и сојузник. Она што е уште позначајно, борците од Македонија сами ја извојувале слободата, зашто на овие простори како што нам ни е познато немало странски сојузнички војски. Може да се говори дека по ослободувањето за време на владеењето на комунистичката партија, боречката организација доби нешто повеќе неоправдано политичка сила, а така беше речиси во сите поранешни социјалистички земји. Меѓутоа, денес СЗБ е трансформиран, го доби својот реален статус на стелешка организација која се грижи за негувањето на традициите, за правата на борците што треба да се остваруваат во општеството итн. Сојузот на здружението на борците не е еднонационално или политичка организација, туку во неа има Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби и други кои не се за конкурент во борбата за власт.

На македонската политичка сцена е воспоставена практика постојано да се повикува на искуствата од западноевропските држави, тогаш место е да се каже дека секоја од овие земји се грижи за негувањето на традициите, за чувањето на- спомениците од ослободителните војни, во таа смисла и за поддржувањето на организациите на воените ветерани, борците од Втората светска војна, знаменитости или како уште се викаат ваквите организации. Овие

организации се здружуваат во Европската конфедерација на бившите борци, Меѓу- народната федерација на борците, Меѓународната федерација на учесниците во движењето на отпорот, Светската федерација на воените ветерани итн. Нивниот статус во меѓународната политика е мошне висока - Светската федерација, заради пример, во ООН има консултативен статус од прва категорија. Со сите овие боречки организации СЗБ на Македонија има остварено контакти и е на пат да оствари свое членство. Имам впечаток дека некои дискусии од некои пратеници тоа сакаат да го минимизираат. Нападите врз Сојузот на здружението на борците кои по некогаш прерануваат и во напади врз Народноослободителната борба на Македонија, практично им одат на рака на сите оние (а се знае од кои позиции го прават тоа) кои ослободувањето и создавањето на Македонската држава по Собранието на АСНОМ го толкуваат како коминтернова творба, комунистичка ујдурма, титова измислица. Тезата , се разбира е мошне провидна да се негира автентичната борба на народите во Македонија за слобода и неговата свест за самостојност и независност како и за рамноправност.

Овде на оваа говорница беа изречени тешки навреди од секој вид жаргон и стил. Нив ги има многу, а јас ќе спомнам една дискусија која пак за жал преќутно помина и во оваа висока државна институција. Еден пратеник , сигурно под патуљастото понашање, не можел да верува дека за време на НОВ Албанците биле учесници, дале првоборци и херои -;ва слобода на Македонија. Тој меѓу другото рече: "Во колку борците! на ^11 Либанска ударна бригада не пошле во Сремскиот фронт ќе беа излезени пред народниот суд, бидејќи биле балисти". Можеби господинот бил занесен и не знаел дека НОВ почнал уште со 4 јули 1941 година.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (Продолжение)

А не со почетокот на Сремскиот фронт, па можеби од непознавањето мислат дека борбите биле само во Срем, не бил запознат дека само за неколку минути биле стрелани во Бар над 1.700 илјада војници Албанци , меѓу кои имало и 38 Срби, па потоа паднати во БиХ, во Далмација, Хрватска, Словенија, Македонија и во други борби низ Балканот и Европа. Албанците беа жртви, па дури и во разни концентрациони логори, па и во Дахау - Германија. Можеби намерата му била да го нареди целиот албански народ, а јас сум убеден дека споменатиот не ја знае вистината на НОВ, и дека НОВ не почнува со борците од 7 албанска бригада во Срем, туку многу порано. За к^ја Албанците, односно мајките Албанки ги дадоа своите најдобри синови уште во далечната 1941 година низ Македонија, низ Бивша Југославија, со сите заправо збратимени народи.

Сакам само да напоменам дека на 27 март 1945 година, пошто бараме рехабилитација на сите оние кои загинаа по 1944 година, па сакам само да напоменам дека на 27 март 1945 година во Бар беа ликвидирани над 1700 мобилизирани војници Албанци, меѓу кои, реков и порано, 38 Срби. Со овие војници требаше да се пополнат воените единици на Петар Драпчин, командант на IV Армија. Тие беа мобилизирани војници за да се борат против фашистичките орди и нивните помагачи. Не биле ни четници, не биле ни усташи, не биле ни домобранци, не биле ни Ванчо-михајловисти, не биле ни комити, не биле ни балисти, туку војници на НОВ. Но, така не мислеше мистериозниот Гаша Марковиќ, командант на X Црногорска бригада, кој наредил да се стрелаат мобилизираните војници во дворот на зградата во монополот на Бар. Овој случај на масакрирани војници и ден денес се чува под

тајна, бидејќи им е срам пред самата природа и пред самата јавност, бидејќи таков случај на светот не можеш да најдеш, Армијата да ги масакрира своите војници, кои биле мобилизирани за одбрана на земјата.

Така постапи во своето време кукавицата Гаша Марковиќ, Црногорец и како таков тој можеби прима дебела боречка пензија. За таквите злочини историјата и науката пишувала читави томови за ѕверствата што човекот му ги нанел на човек и истите ратни злочиници одговарале пред Народниот суд. Но, за овој случај не само што не е пишувано ниту еден ред по новите книги на историјата, туку и ден денес оваа човечка мистерија не е осветлена доволно. Така, се мисли за сите злочинци што ги имало, па и во оваа, па и овој заправо Гаша Марковиќи дека и за овие и други злочини, слични масакри и злочини нема кој да гукне за нив и нема кој да ги открие. Така мислеле, за жал, сите злочинци, но заборавиле дека историјата и вистината доцнат, но не заборавaат.

Да заклучам, секоја и секаква борба за самостојна македонска држава по 1944, 1945 година не само што беше насочена против историските одлуки на АСНОМ туку во тоа време и во тогашната меѓу-народна ситуација беше и директна закана за опстанокот на Македонија на тукушто со борба создадена македонска држава на овој дел. И од ден на ден мислиш дека оваа власа е провизорна, заправо денеска ќе падне или пак другиот месец ќе падне итн. Додека донесувањето набрзина закон или декларација за генерално рехабилитирање на прогонуваните и осудуваните лица, кој се бореа по 1944 година и за идеите на ВМРО, вака генерално, како што се бара,не служи не само за дневно политичка пропаганда, господа, туку е романтичарски занес точно по мене, како и

директна негација на нов АСНОМ и на историското минато на Македонија и на нејзините граѓани за рамноправност на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во моето излагање ќе изнесам сопствен став, нема да ја претставувам партијата која што инаку ја претставував во Парламентот и сакам излагањето да биде сфатено и издвоено надвор од опозицијата како личен став кон ова прашање.

Веднаш на почетокот сакам да кажам од која политичка позиција ќе настапам. Лично имам почит спрема НОВ и спрема борците. Го признавам континуитетот во изминатите 50 години на македонската државност. Во понатамошното излагање, исто така, ќе зборувам за оние за кои претпоставувам или сум сигурен и имам сознанија дека се невино репресирани за идејата за самостојна Македонија, за само- битноста на македонскиот народ и за македонската државност.

Во отвореното писмо на Сојузот на борците на Македонија, ќе се упатено до пратениците, покрај другото се наведува цитирам "Сојузот на борците на Македонија не ги исклучува можностите дека имало прогонувани и осудувани лица за вербални деликти, како и лица без доволно докази, но таквите пресуди можат да бидат менувани по пат на ревизија на судските процеси. Веднаш, токму можеби на една ваква формулација произлегува едно морално прашање кое што еве денес го доведуваме во близина на една правно - формална потреба да се преточи во еден законски проект. Бидејќи не може да станува збор за

ваков став, ако се има предвид, а фактите тоа го укажуваат, дека во одредени периоди во Македонија државата применувала масовни репресии заради националните чувства и политичките ставови на голем број Македонци. Бидејќи објективно ова прашање по својата димензија надминува она што е во доменот на индивидуалните граѓански права, слободи, па и во правата за барање на вистина, како индивидуално барање, сметам дека државата и порано, но и денес кога ова го дискутираме, мора да донесе еден акт, со кој што ќе дефинира став спрема таквите периоди и спрема историското минато, особено кога имаме една фактичка состојба на РМ, практично, станувајќи самоуверена и самостојна држава ги оствари идеите на ВМРО.

Прифаќам дека текстот на Предлогот на законот треба да се догради подобри, но ме разочарува начинот на кој што поединци организирано се спротивставуваат на донесување на еден ваков закон. Бидејќи сметам дека предложениот закон само ги одредува рамките. Во него не е вградена токму никаква методологија, ниту критериуми спрема кои може основано да се посомневаме дека ќе бидат со истиот рехабилитирани и оние кои тоа не го заслужуваат. Напротив, сигурен сум дека со овој закон автоматски не може да се рехабилитира ниту едно лице во РМ, со оглед на тоа што знаеме како гласат обвиненијата и изречените пресуди. Само по себе се подразбира дека на крај веќе се сведе на индивидуални барања за ревизија на судските постапки ако воопшто тие по еднаш поминале низ невидените психолошки, физички тортури се спремни да се потсетат на поминатите голготи и одново да се соочат овој пат со децата на оние кои еднаш им судеа.

Однесувањето на одделни пратеници го оценувам како чист цинизам и сакам да потсетам, поточно да укажам дека и на ова прашање

кое што по својата природа се насметнува само по себе во развојот на македонската нација, на македонската држава, сепак се манипулира партиите кои што учествуваат во власта, на македонските партии мислам, да и за ваквите прашања добиваат простор за вистинската борба и вистинската цел со која се преокупирани а тоа е во економ- ската трансформација на РМ навидум безбедноста да биде зад ваквите политички прашања отворање и конфронтации да ја стекнат економската моќ, заради политичка контрола во идниот период. Некој ќе каже дека нема врска. Има длабока врска. Бидејќи негирањето на заслугите и можноста дека за оваа Македонија постоеле и други патишта и други политички ставови да се негираат стои длабоката потреба на оние кои беа носители на политичкиот, економскиот и севкупниот систем во изминатите 50 години без никакво оспорување или евентуално стекнување на политичка иницијатива на новиот политички противник во плурализмот, да ги одбранат таквите позиции и од теоретичари или практичари, на реалниот социјализам и заблудите на комунизмот да се претстават и да ја заземат сигурната позиција на претставници на граѓанското општество и предводници на капиталот. Но, кој ка- питал? Исто така, знаеме дека доколку политички со појавата на плурализмот не се организираа дел од македонскиот народ зад идејата на ВМРО, а историјата тоа брзо ќе го докаже многу лесно можеше да се случи Македонија да не биде самостојна држава и да завршиме во остатокот на Југославија, што верувам дека денес не го посакуваат ни претставниците на македонската левица заради тоа што гледаат каков стандард живеат граѓаните во СР Југославија, а бидејќи јасно дека македонската левица во недостаток на политичка концепција и идеологија единствено верува во она што е основата на левата ориентација на материјализмот, но буквално сфатено борба за материјална привилегија и статус и во ова време од кога РМ се

осамостои. Во прилог на моите сомневања вака изразени сакам веднаш да предупредам на координација на одредени активности во оваа насока. Значи, токму на последната година од мандатот во времето кога ќе се отвори изборната агитација македонската левица соочена со резултатот на општонародната желба на линија на ВМРО ја сфаќа опасноста и сака да осуети еден континуитет на таа идеја, а тоа најпрво се одрази и стана видливо во одбележувањето на 100 години на ВМРО кога МАНУ игнорираше 50 години од континуитет на идејата на ВМРО, сакајќи да создаде дисконтинуитет и да ги омаловажи политичките корени на политичките партии со име ВМРО, кој што денес егзистираат во Македонија, на кој што апсолутно никој не може да им го оспори правото дека се дел од континуитетот на тие идеи. И ескалира во последните денови со владината иницијатива за отстаспување, односно отворање на досиејата, кој што се водат од ДБ.

Земајќи предвид дека од поновото време државната безбедност односно оние кои што партиски се заинтересирани да нема компромитирачки материјали, можеме сосема да бидеме сигурни дека тоа е поништено но затоа од минатото, од времето кога се вршени масовни репресии и кога се измислуваат непријатели тие се безбедно чувани и сега како добро дојдени се бара законска подлога да можат да се отворат и во изборната агитација да се прават јавни, нормално со политичка цел.

Сето тоа не е ништо друго, туку настојување во злоупотреба на позицијата на владеење да се створат иницијативи кој во основа се недемократски, но ете за жал РМ во ситуација на едно вакво

опкружување какво што го имаме нема сојузник во западниот свет во смисла тие да бидат заинтересирани да се развие опозиција, политичка позиција во Македонија, туку заради опасностите во регионот премногу кооперираат односно од друга страна нашето раководство е кооперативно и на таков начин она што обично во слободниот свет се случува да се стимулира една политичка опозиција во РМ тоа се жртвува, а последиците сепак, и штетите ќе останат на македонскиот народ д живееме во држава, која што ќе биде хендикепирана од недоволно демократскиот развој.

На крајот, само да заклучам дека веќе и не сум сигурен дали беше добро што е предложен овој закон, заради тоа што очигледно овој Парламент не е способен да се соочи со одговорноста и потребите на донесување на ваков закон, што верувам дека можеби на наредниот состав на Парламентот по наредните избори полесно ќе може да го донесе.

На крај ако може јас од оваа говорница да дадам сатисфакција на сите оние кои што со разочарување ја следат оваа постапка во Парламентот на донесување на овој закон, а тоа е дека, сепак, времето не може никој да го сопре, времето работи за вистинските интереси на македонскиот народ и на македонската држава, а во склоп на таквиот развој на настаните еден ден ќе имаат вистинска сатисфакција, правдата мора да победи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Флоровски.

IX /1 РД/ЛБ

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Што С5В претставува законот за рехабилитација на лицата прогонувани за идејата за самостојна и суверена Македонска држава. Дали овој Предлог на законот ќе претставува сатисфакција за илјадниците изгубени т.е. ликвидирани македонски патриоти по казаматите на Идризово, централниот затвор во Кале, Отешево, Сремска Митровица и така натаму и така натаму. Дали стотиците монтирани политички случаеви ќе најдат сатисфакција во овој закон. Дали мајките ќе најдат сатисфакција за изгубените чеда, дали сопругите ќе најдат сатисфакција за изгубените мажи^и господа^дали децата ќе најдат сатисфакција во овој предлог на закон за изгубеното детство и изгубениот родител, паднати од крвавите раце на комунистите и нивниот тоталитарен режим. Всушност господа за нив и не постои сатисфакција, затоа што едноставно нивните најблиски ги нема, па според тоа излишно е да говори за некаква си сатисфакција .

Рехабилитацијата во секој случај да, но не пред џелатите, и сатрапите на овој народ, туку пред историјата каузата за која се бореле ВМРО-овците не бараат милост, не барале и кога биле затворани, тепани и малтретирани, и на крај ликвидирани не барат ни сега, едноставно бараат мирно да почиваат во своите вечни домови, оние кој се таму, а живите отчет од џелатите и нивните наредбодатели за сите сторени злодела, за наум и навек зло кое никогаш не смее да се повтори, но очигледно дека сеништата на комунизмот опасно се надвиснуваат и денес над Македонија и Македонскиот народ. Но, затоа во некоја идна прилика господа од естаблишментот следствено кога оваа тема е на дневен ред сам по себе се наметнуваат повеќе прашања за кој треба отворено да се проговори.

1. Како прво: Кој беа луѓето кој беа затворани за идејата на ВМРО и самостојно македонско држава.

IX/2.-

Како второ: Кој беа џелатите на затворените за идејата на самостојна македонска држава, и идеите на ВМРО .

и како Трето: Дали затворените за самостојна и независна македонска држава биле вистински македонски патриоти кои исклучиво се бореле за македонската кауза. Околу првото прашање воопшто не е тешко да се одговори. Постојат валидни показатели за тоа:

Ќе почнам од првиот претседател на Народна Република Македонија. Методи Андонов Ченто: осуден на 11 години робија и 5 години губење на граѓанските и политички права, заедно со него осудени' Борис Загоранлиев на 5 години, Неделко Макревски на 3 години и Митре Митревсхи на една година. Образложение според тогашниот суд е дека Ченто работел на обединување на Македонија и отцепување на Народна Република Македонија од Федеративна Народна Република Југославија, со што сторил кривично дело против народот и државата. Но всушност падна како жртва на монтираниот судски процес режиран од страна ка србокомунистите и нивните домашни лакеи, Лазо Колкшевски и тогашниот министер за внатрешни работи Цветко Узуновски - Абаз. Истиот учесници во низа други монтирани политички случаеви, и најдиректен наредбодател за ликвидација на партизанката Лена Стојческа следствено списокот на жртвите продолжува со Панко Брашнаров кој е ликвидиран на Голи оток, благодарејќи на истите од кој беше затворен и Ченто, струмичката петорка,; Велешката група, Ѓеорги Карев, роден брат на Никола Карев, претседателот на Крушевската република  кој два дена пред излегување од затзорот е ликвидиран по наредба на тогашниот министер за внатрешни работи Злате Биљановски, нормално  со благослов на Лазо Колишевски. Битолската група на чело со Методи Коларов, осуден на смрт и стрелан со конфискација на имотот и  неговиот син Никола Коларов осуден на 15 години робија со губење на ганските права,

IX/3.-

Не би сакал да ги редам имињата на сите осудени за ВМРО и самостојна и независна македонска држава, туку попат би спомнал неколкумина.

1. д-р Илија Чулев од Кавадарци, осуден 1943 година на 10 години робија,

2. д-р Димитар Златарев од Охрид, осуден 1945 година на 14 години робија,

3. Методи Кзлкашлиев од Струмица, суден 1946 година на 3 години робија,

4. Јонче Кузмановски од Битола. осуден 194 7 година, на 20 години робија,

5. Миха Јовановски од Прилеп, суден 1948 година на 20 години робија,

6. Левко Џамбазовски од село Жван - демирхисарско, суден 1957 година на 5 години робија и губење на граѓанските права, суден е како постар малолетник,

7. Александар Јанакиевски од Скопје, суден 1960 година на б години робија, веќе покоен,

8. Костадин Динев, - Динката, суден 1972 година, на 5 години робија, исто така веќе покоен,

9. Браќата Саво и Љупчо Коцареви од Охрид и двајцата осудени на 6 години робија, 1947 година,

Ова е господа од естаблишментот минимум што можеше да се опфати за да се докаже дека, немаше град или село и од каде што немала затворени македонски патриоти за идејата за самостојна и независна Македонија и идеите на ВКРО. Околу второто прашање кое претходно го спомнав, кој беа џелатите на затворените за идеите на ВМРО и самостојна Македонија Исто така не е тешко да се одговори. Тоа се господа комунистите и нивниот антимакедонски режим олицетворени во ликовите на Лазо, Колишевсќи кој како благо надежен блгарин бара

IX/4.-

помислување од тогаш од Бугарски цар Борис. Втор на листата секако е Цветко Узуновски Абаз кој според кажувањата на Благоја Фотев, вториот претседател на Македонската држава, по повод апсењето на Ченто, Абаз ќе изјави пред Македонското собрание...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не е судница расправаме за закон.

**АЛЕКСАНДАР ФОЛОРОВСКИ:**

Претседателе овде слушаме се и сешто ред е да ми дозволите и јас да кажам.

**СТОЈАН АНОДВ;**

За закон расправаме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Претходните говорници зборуваа за се и сешто а јас мислам дека ова е во контекст со точката и нема потреба да ме прекинувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте, ова е говорница.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам вие воопшто не се спомнувате во текстот, така да нема проблем да се секирате.

Значи ќе повторам Абаз ќе изјави пред Македонското собра- ние народниот непријател Ченто се наоѓа во рацете на државната сигурност. Следува Злате Биљановски исто така- еден од клучните фигури во монтираните политички случаеви и директен наредбодател за ликвидација на многубројни македонски патриоти, Страхил Гигов исто така вмешан во сите овие монтирани процеси и ликвидации итн. итн. Верувајте господа пратеници мрско ми е и воопшто да ги спомнам нивните имиња, а некои од тие другари седеа во првите редови на Македонскиот парламент по повод прогласувањето на Уставот на самостојна и суверена Република Македонија. Каков апсурд господа, џелатите кои ги седеа и ликвидираа борците за самостојна македонска држава да аплаудираат на Уставот за самостојна Република Македонија.

IX/5.-

Нивното присуство ка чинот на прогласување на Уставот на Република Македонија, сигурно не беше без благослов на претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, а осудените за самостојна Македонија и идеите на ВМРО и во оваа прилика немаше место за присуство на овој свечен чин. Не би сакал да одолговлечува  иако има уште многу да се зборува, сметам дека е излишно, историјата ќе го каже своето, а веќе и го кажува, горенаведените, ќе се спомнуваат како најголеми предавници на каузата, нелуѓе кој до грклан се во крв, во крвта на чесните македонски патриоти, но за жал може да се констатира дека поединци од ова група на крвници сеуште ги уживаат правата на привилегирани граѓани воудобните вили ка Водно со преку 20 илјади денари пензија, пример за тоа е  Лазар Колишевски. Коментар сметам дека не е потребен. Околу третото прашање кој овде го наметнав дали затворените за самостојна и независна македонска држава биле вистински борци за каузата? Неспорно огромното мнозинство, да. иако од постоечкиот ноокомунистички естаблишмент постојано се наметнува дека многумина од осудените за ВМРО биле за голема Бугарија во што јас лично се сомневам. Впрочем досиејата ќе го кажат своето, нормално, доколку се во интерес на коалиционата влада составена од СДС како изворен наследник на СКМ, либералната партија, ПДП, социјалистичката партија заедно со ПЦЕР. Но, господа, интересно би било да се прозбори и околу една друга тема, па да се постави прашањето; Кој од водечките личности и пошироко од времето на најцрниот комунистички терор биле соработници на окупаторот, пред се тука мислам на организацијата на фашистичката владина наречена "Браник". Едноставно да се види и слушне дали соработниците на окупаторот ги суделе борците за самостојна Македонија, и со кое морално право го правеле тоа, кога истите одамна ја продале душата на сатаната.

Не само што ја продале душата на гаволот, господа, туку тоа го правеле во името на народот, затоа што сите пресуди се носеле во името на народот, народ кој воопшто не го прашале за ништо 50 изминативе скоро 50 години, народ кој го тероризирале и,-ликвидирале и врз кои садомазохистички се изживувале. Какво лицемерие и невидена манипулација, тоа е својствено само на тоталитаризмот во кој влегува и комунизмот, нормално-_и ваше како нивни наследници. Доказ повеќе е и вашиот предлог за рехабилитација на осудените за самостојна Македонија и идеите на ВМРО. Треба еднаш засекогаш да сфатите господа неокомунисти, дека убијците немаат право да ја рехабилитираат жртвата. Зарем не е трагично луѓето кои им го одземаат човечкото достоинство, младоста, честа, слободата и на крај животите да бараат рехабилитација на жртвите, Сметам дека овој предлог предложен од група пратеници од Социјал демократскиот сојуз е најголемо лицемерие од кое верувајте ми се гади лицемерие на кое сме сведоци во сите овие три изминати години, би верувал во нивните намери доколку истите господа би предложиле судење на џелатите, а не рехабилитација на жртвите, паднати од рацете на нивните претходници за време на комунистичкиот тоталитаризам, велам нивни претходници затоа што господата од СДС, не најдоа сили да го симнат товарот од својот грб како наследство од едноумието.

И на крај господо знам дека ве боли и тоа премногу, но ВМРО оперира без амнестија.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас ќе бидам краток во дискусијата, ниту имав намера да дискутирам по оваа точка бидејќи не сум толку добар историчар како поедини пратеници кои денеска јас ги чув во сите излагања изнесоа некои работи па дури историјата ги нема забележано во своите редови.

Господа пратеници, ме зачудува она што го чинат група независни пратеници кои го предложиле овој закон по кој сакаат сите заслуги да им ги препишат на лицата затворани и осудени за идејата на ВМРО, што не е точно, бидејќи Македонија датира како држава од 1944 година, како резултат на Народноослободителната борба во чија борба учествувале Македонци, Албанци и Турци. Околу ова прашање не треба многу да се дискутира, па дури овој закон се претвори во некои историски симпозиум, што не треба ние како пратеници така да ја користиме говорницата, бидејќи за историските работи постојат луѓе кои се поодговорни од нас и треба овие работи да ги расчистат таму каде што треба. Мене, уште не ми е јасно што некои пратеници некои работи тука ги изнеле дека во време на Народноослободителната борба се случиле разни работи што ние точно и во тоа време ние соработувавме со вас и вие со нас и како резултат на таа соработка денеска создадовме една заедничка држава. Друга работа е што некој сака сите заслуги да им ги препишува на ВМРО или на револуционерната партија ВМРО која постои од 1893 година и порано со друго име. Затоа јас на крај ќе ги замолам сите пратеници малку да ги имаат предвид историските факти и да не ги фалсификуваат овие работи, бидејќи историјата како наука никогаш не дозволила ова да се направи, ниту ќе дозволи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам на почетокот дека навистина сме мајстори на некоја благородна идеја во која што ја сметам и оваа Иницијатива од група пратеници да ја упропастиме ако добро не ја поставиме. Еве зошто мислам така. Прашањето е многу чувствително и има политички импликации и ако сакате и емотивни кај секој човек кој

што држи до цивилизациските дострели на својата нација. Впрочем кога се поставуваат на дневен ред вакви суптилни прашања, тешки тогаш може да се увери дека навистина оние што не гледаат од страна не мерат колку сме отишле далеку во демократизацијата на односите и колку навистина заслужуваме да бидеме во оваа друштво на цивилизирани народи во Европа за што инсистираме и упорно се залагаме секој ден. Ако на овие прашања приоѓаме дневно политички емотивно без научно фундирани основи и без валоризација на она што значи потврда, што би ја прифатиле поширок круг на граѓани, мислам дека во старт ќе ја девалвираме идеајата и колку да е добра. Овој закон може да имал добри намери, меѓутоа, јас не можам да го поддржам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За идејата ќе кажам нешто покасно.

Прво, за да се определам ми недостасува едно правно валидно мислеше дали со ваков закон може да се уредува оваа материја. Независно што тука имаше таква расправа дали Комисијата била свикана, не била свикана итн., нас ни недостига мислење, правно, релевантно дали за рехабилитацијата можеме согласно Уставот да носите закон. Собранието носи амнестија, се разбира по член 68 каде што се наброени функциите на Собранието и со тоа се уредува еден сегмент на односите од оваа сфера во која што се ослободува, да речеме од натамошно гонење дел или целосно од издржување на казна лица кои се неправилно осудени. Дали амнестијата ќе ги реши овие проблеми или ќе треба да донесеме закон за рехабилитација како овој што се предлага. Ако веќе се предлага ваков закон, ние немаме мислење од Законодавно - правната комисија дали навистина оваа материја треба да се уреди со тој закон. Дали беше добро, говорам да се поставува од тројца пратеници. Со целиот респект и почит кон трудот. Јас навистина го почитувам, ова не е никаква демагогија, трудот на тројцата пратеници што го вложиле во подготвувањето на овој закон. Меѓутоа тоа дава негативна конотација во целосното решавање на овој проблем. Еве само една илустрација. Кога ќе стане пратеник од оваа страна веднаш се негодува гласно од другата страна, демек тој говори лаги или ако ја застапува идејата дека треба да се стават во иста корелација и борците од НОБ, се вели, па вие сте фашисти, па вие сте убијци, бетер од тие итн. Нема рационална атмосфера за расправа.

Или нека ни послужи вчерашната илустрација, односно вчерашниот настан уште повеќе илустрира за односот и анимозитетот на едни кон други кога станува збор За вакви суптилни прашања. Се расправа за правата на борците од НОБ, пратеничката група на ВМРО-

ДПМН ја напушта салата, не сака да учествува во гласањето. Затоа и еден хумориста приметува, нели, читате постојано "Остен" овде, ВМРО-ДПМНЕ си има свои борци, а овие другите пак си имаат свои борци.

(Префрлување во салата дека се расправало за Партизанска споменица).

Станува збор за споменичари од Народноослободителната војна, не пред тоа. (Негодување во салата).

Вие кажавте што мислите, сега јас добив збор и ќе кажам.

Според тоа, законот е јасен, сите го имаме и знаеме како гласи законот. Навистина не се создава атмосфера за која некој повика вчера дека треба да се создадат услови да расправаме во помирна атмосфера да дојде до признавањето на еден народ, дека во моментите на својата историја се правени погрешни потези, репресирани се луѓе, погрешно осудени и сега да се формира однос кон нив. Токму од тие позиции говорам не создадовме атмосфера, препуштајќи го законот на тројца пратеници да го предлагаат во услови кога еве славиме и 100 години на ВМРО. Тоа е пак посебна приказна. Ние славиме 100 години на ВМРО, постоењето на ВМРО, паралелни манифестации се прават од партијата ВМРО-ДПМНЕ, паралелно со одборот што го формира државата, во кој состав имаше вкупно од сите сегменти на општеството луѓе кои различно мислат па дури и луѓе кои што се репресирани за своите идеи за самостојноста на Македонија итн. Има неколку партии во Македонија кои го имаат предзнакот ВМРО и додавката ДПМНЕ, што ја знам Гоцева и да не ги редам другите. Според тоа втората теза пора и која не можам да го прифатам овој закон е за кое ВМРО се однесува овој закон, за луѓето кои што биле репресирани, затварани, судени за идеите на ВМРО. За кое ВМРО станува збор.

X/3.-

Овде се сакаше да се остави впечаток дека за сите фракции, дури еден пратеник кажа и овде дословно, за сите фракции на ВМРО. Па извинете, можеби сум јас погрешно читал историја, но ќе кажам ВМРО како организација постоеше со различни предзнаци до 1934 година. Од 1934, барем според нашата историја и документите како политичка организација, политичка партија постоеше само ВМРО на Ванчо Михајлов. Па зарем и за тоа се залагате и тие луѓе да ги рехабилитираме. Јас верувам дека не се залагате за тоа. Меѓутоа, во законот не пишува тоа, за кое ВМРО. Тоа е историска чињеница, тоа е факт.

(Негодување во салата од страна на десниот блок).

Ве молам го читам, еве го законот. Читам за кое ВМРО.

Според тоа, тие луѓе после 1941 година во Македонија од тоа ВМРО праќаа контра чети кои се бореа против македонските партизани. Тоа е исто историски факт. Тоа треба да се разграничи во овој закон ако сакаме, навистина, за сите тие борци, како држава, како Собрание да формираме таков однос.

Понатаму, се мешаат овде две тези, во законот. Се говори да се рехабилитираат луѓето кои се бореле за самобитноста и самостојноста на Македонија и после во ставот 2 на член 1 вели "Под овие се подразбираат и оние луѓе кои што се репресирани заради непристапувањето присилно во селските задруги". Немаат врска едно со друго.

Отпор за влегувањето во селските задруги во Југославија имаше во сите поранешни југословенски републики а не само од оние и тие да добиваат таква карактеристика дека, ако се бореле за ВМРО значи дека морале да се борат и за отпорите во присилното влегување во селските работни задруги. Тие две работи мора да се разграничат. Затоа говорам дека овде несреќно е направен тој спор.

Понатаму трета причина, вели борба за издвојување на Македонија од Југославија, тие што се бореле за издвојувањето на Македонија од Југославија. Така стои. Сега, значи ли тоа дека ние сме против одлуките на АСНОМ. (Негодување повторно во салата). Немојте да ми кажувате, да ме прекинувате, јас имам збор сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина. Како не можете да издржите да си го искористи човекот правото да зборува. Ве молам тишина, ќе ви дадам збор на сите што ќе се јавите. Научете се дека немате само вие право да зборувате. Секој има право, секој пратеник. Тишина ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако треба да го донесеме законот јас да ја повлечам моја- та дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи со одлуките на АСНОМ македонскиот народ доброволно влезе во југословенската федерација (негодување во салата), па така пишува во одлуките, прочитајте ги, заради заштита на своите национални интереси, а кои биле тие национални интереси? Јас и денес тврдам дека тие се национални интереси на Македонија да биде држава, да има демократија, да има повисок стандард, да- има човечки живот, до се почитуваат правата на човекот и граѓанинот. Тие се националните интереси. Не се национални интереси да пееме револуционерни песни. Националните интереси се да има повисок стандард овој народ и да живее. Господо ние тоа го напишавме во Уставот дека континуитет на

македонската држава има и со одлуките на АСНОМ, нели напишавме во преамбулата, од Кресненското востание, Илинденското востание итн. до одлуките на АСНОМ, удрени се темелите. А јас овде ќе кажам она што го мислам и неколку пати сум го кажал. АСНОМ кој не го признава не ја признава Македонија. Од кои причини? Затоа што АСНОМ е круна на заложбите на сите македонци. Со АСНОМ фактички е реализиран сонот на сите македонци да имаат своја држава. Па зарем од АСНОМ наваму немавме македонска култура, македонски институции, македонска држава, македонско образование. Сонот на сите македонци беше тој да имаме своја држава. Негирањето на одлуките на АСНОМ значи негирање на самобитноста на македонската држава. (Негодување во салата). Па ве молам така стои во законот кој што се бореле за осамостојување .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само продолжете вие господине Петковски, а вие да престанете да упаѓате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сега друго прашање е, ако мислите дека ние со овој закон и со оваа седница ќе ги решиме сите неправди во историјата што се нанесени и ќе го коригираме патот на Македонија каков требало да биде, мислам дека тоа е илузија.

Прво, мора да се има во вид и историските околности и во државата и надвор и пошироко и на Балканот и во Европа. Јас не сум сигурен дали Македонија во услови кога големите сили во тој период ја кроел  судбината на Македонија и на Југославија, ако сме се одвоиле насилно како што се и судени, јас ќе можам никогаш, мислам дека нема македонец што ќе го оправда судењето на Ченто на Брашнаров и многуте знаени и незнаени кои што загинале за таа идеја Меѓутоа, дали

Македонија ќе го остварела она што го има денес ако во услови такви се отцепила од Југославија и бара обединување на сите делови на Македонија. Јас ве уверувам, бидејќи за тоа не сме одлучувале ние. Па видете денес во услови на прагот на XX1-от век какви проблеми има Македонија околу нејзиното меѓународно признавање. Политиката не е ништо друго туку е чиста математика. Интереси се во прашаше. Нема алтроизам во политиката. Според тоа никој од нив и тогаш и сега Македонија не ја набљудувал од интересите македонски, туку од своите интереси, практичните, на Англија, ка Америка, на Русија, па ако сакате и другите што не опкружуваат. Според тоа прашање е да ги осудиме тие луѓе тогаш што одлучиле на АСНОМ Македонија да пристапи во рамките на југословенската федерација, дали не го сочувале ова што го имаме денес или можеле да профитираат да заработат уште многу поени. Јас сум сигурен дека сигурно ќе сме го изгубеле и она што го имаме денес ако тоа не сме го тогаш така направиле, односно така пристапиле. Меѓутоа, еве, има и други мислења. Па можеби ако историјата добила такви текови тогаш, можеби денес ќе бевме многу поголема држава. Па зарем мислите дека некој сака да има мала држава кој секоја држава сака да го омаловажува, да го потценува достоинството човечко. Мислам дека нема такви. Меѓутоа станува збор за нешто што е реално, за нешто што е објективно можно да се оствари. И ние денес би сакале да бидеме помоќни веројатно и од Америка, нели! Ама не можеме. На овие простори на Балканот тоа е она што можеме максимално да го направиме, да го доживееме. Според тоа јас мислам кога се говори за осуда на оние што тогаш се обиделе да направат македонска држава во рамките на југословенската федерација мора да се има во вид и историската дистанца во толкувањето ан односите. Прашање би било кога би било вака, како би било. Во секот случај сведоци сме дека денес имаме своја држава. А ве молам и оној што има и малку доблест не може

да ги негира заслугите на тие луѓе од Народноослободителната војна. (Префрлување од страна на некои пратеници во салата). Па овде ги слушнавме, од оваа говорница. Според тоа станува збор за нешто по што ќе не мерат надвор, дали навистина сме земја, држава која има институции кои функционираат и кои што можат на еден цивилизиран начин да се вклучат во оваа обединета Европа на економски и политички план. А, ако мислиме дека со вакви пламени говори како што овде пред малку еден дискутант, всушност он си е и познат по тие пламени говори дека на тој начин ќе придонесеме и до афирмација на нашата држава, мислам дека тоа е илузија за сите.

Последно, мислам дека треба да се расчисти прашањето да не се создаваат кај луѓето заблуди, но тоа мора од правен аспект да се расчисти. Дали може да се донесе закон за рехабилитација на луѓе кои биле прогонувани, репресирани за своите идеи. Воопшто и ден денес ако некој застапува фашистички идеи ние го сметаме за демократско и никој не може да го осуди ако ги застапува тие идеи на говорница. Според тоа дали некој може да се рехабилитира, а рехабилитација за мене ништо не е по правната енциклопедија туку враќањето на состојба на нормален живот на некој на кој во одреден период нешто му е одземено. Значи враќањето во општеството, интеграцијата и апсолутно третирањето како што стои во правната литература чесен граѓанин. Тоа значи чесен граѓанин, буквално.

Сега, дали односот на државата што значи формирањето на Одборот за прослава на 100 години од ВМРО и независно од тоа што и науката беше доста игнорирана, овде мислам дека беше бојкотирана од луѓето кои што и овде говореа гласно, на научните собири што ги организираше Македонската академија на науки и уметности, мислам дека можеше ретко да се види човек да беше присутен на тие трибини.

Тоа значи негација на Македонската академија, потценување и на македонската наука. Според тоа таму се тие прашања зошто се формира тој Одбор, зошто луѓето говореа отворено. Има потреба, овој период навистина е нерасветлен, треба да се расчистат, но не да се расчистат така ние да се надмудруваме овде во Парламентот. Јас не се чувствувам доволно компетентен за сите тие историски моменти и не можам да кажам, со тоа ја и почнав својата дискусија дека ни недостасуваат многу елементи и од правен и од историски аспект, дали она што би го одлучиле денес е правилно или неправилно, дали не чиниме ние како Парламент пак една неправда. Извинете, ако нема диференцијација, ако сите овде се стрпаат во исти кош, сите што се наводно репресирани и судени за идеите на ВМРО, а никој тоа да не го спомне дека толку млади луѓе изгинаа, млади животи, виза ви и од Ваташа што се стрелани 12-те младинци и скокнале и Мирче Ацев и Страшо Пинџур итн., зарем тие не се бореле за Македонија. Се бореле за Македонија. Според тоа за самобитна Македонија. Според тоа ако се стават сите тие во исти кош мислам дека правиме катастрофална грешка. Според тоа рехабилитацијата од политички аспект значи буквално јавна осуда на некои одлуки на некои мерки што ги превземала државата, значи апсолутно амнестирање од секаков вид на одговорност и потврда на нивното дело во моментот кога тоа го правеле, а такво нешто мислам македонскиот Парламент не може да си дозволи, генерална рехабилитација на сите. Па јас верувам дека и меѓу вас има многумина што знаат колкава е голема разликата меѓу едни што се залагале за врховизмот и други што се залагале за самостојна и самобитна Македонија, а ако се подзеде во законот дека е сето тоа ВМРО, правиме уште еднаш многу поголема историска грешка.

Јас се залагам законот, ако треба, прво нека кажат од формално правен аспект да носиме таков закон, да прави разлика меѓу сите овие

елементи за кои говорев, за да не правиме нова историска грешка па утре генерациите кои ќе дојдат после нас па нас да не осудуваат дека сме ставале во исти кош и демократи и тоталитаристи итн. Според тоа мислам дека овој закон не е зрел да се донесе сега, туку напротив треба многу потемелни проучувања, анализи за да се дојде до сознание што од тој период треба јавно да се осуди, а за оние личности кои биле неправично осудени, ние познаваме во кривичното право тоа се остварува преку кривичната постапка, навистина да се надомести штетата на тие луѓе, да се симне таа хипотека, но тоа го прави судот со аргументи. Како што овде беше речено дека многу борци се стекнале со статус на борци со двајца - тројца сведоци, исто така мора да се каже и пред надлежните органи дека некој има петно незаслужно, но тоа се докажува во редовна постапка, тоа не можеме ние овде во Парламентот да го правиме. Ниту некого да судиме, ниту некого да амнестираме. Не може Парламентот сега да ги осуди сите генерално односно да ги ослободи сите генерално за нешто за што не е надлежен. Како можеме тоа да го направиме. Единствено сме надлежни да амнестираме, а амнестија е нешто сосема друго од рехабилитација. И таа рехабилитација, едно е политичка рехабилитација, а сосема друго е правна, односно кривично - правна рехабилитација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има реплика госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Мене не ми е јасно како пратеникот Тито Петковски, самиот кажа дека не ја познава македонската историја доволно а си дозволи да дава судови кои што се поврзани со македонската историја и со еден најсвет нејзин дел, тоа е 100-годишната историја на ВМРО и не случајно кажа

многу противречни и невистинити работи од тие причини. На пример се повика на тоа дека е радосен и горд што оваа го- дина ја одбележуваме 100-годишнината на ВМРО, а подоцна малку кажа дека ВМРО постоело до 1934 година. Па како можеме 100-годишнина на ВМРО да славиме ако е укинато ВМРО 1934 година. Вакви противречни ставови се потребни само по секоја цел да се создаде една омраза, да се негува една омраза, да се оневозможи едно национално помирување, едно расчистување со она што значи тоталитарен режим и со македонското минато во кое беа репресирани Македонците кои се залагаа за самостојна Македонија. Истиот говорник припаѓа на партија која на денот на 100-годишнината на ВМРО не положи цвеќе на гробот на Гоце Делчев, иако беше најавено во протоколот дека претседателот на Владата и претседателот на државата ќе положат цвеќе на 6 ноември на гробот на Гоце Делчев. Јас бев присутна таму, полицијата направни специјално место за да дојдат овие високи гости, но не дојдоа на 100-годишнината да се поколнат на гробот на идеологот на ВМРО, на Гоце Делчев.

Истата партија на 11 Октомври кој официјално се смета како ден на Востанието на македонскиот народ си дозволи овој празник да го приватизира и на ТВ ние цел ден гледавме емисии во кои сите ограноци на СДС даваа изјави, на коктелите дури сите учесници даваа изјави по повод 11 Октомври, а не му е јасно зошто една партија која е наследник на идеите на ВМРО организира една прослава на која беа поканети сите партии и потроши повеќе средства со најголема почит спрема сите членови и на ВМРО во текот на овие 100 години, сите, да ги наречеме струи, лево, десно крило и се заложи за национално помирување, за изградување на еден пантеон во кој ќе им се поклониме и ќе им оддадеме почит на сите овие жртви, исто така ќе ги осудиме овие политички процеси. ВМРО потроши повеќе средства од државата, а ние

знаеме кој е на власт моментално и каков однос има спрема македонското историско минато кога и овде се врши замена на тези, и се повикува дека некој не отишол на научниот собир на Македонската академија, а се повикува дека е наследник на ВМРО. Тоа е чиста демагогија. Ние потрошивме два пати повеќе средства иако оваа иста Влада го кочи финансирањето на политичките партии во Македонија. За три години ниедна политичка партија не добила средства, само да го угушите политичкиот живот во Македонија. Ние најдовме начин и средства на достоинствен начин да го одбележиме овој златен јубилеј од македонската историја.

Исто така се тврдеше дека не постоело ВМРО. ВМРО постоело и после војната....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам толку е реплика.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ве молам дозволете да ја завршам репликата. ВМРО постоеше и после војната и ве молам прочитајте ја книгата "Судени за Македонија" која е објавена легално, не е објавена од непријатели на Македонија од доктор на науки Стојан Ристевски, во која се именувани разните групи кои делуваа под името ВМРО и се залагаа уште од 1945 година наваму и пред тоа за самостојна и независна македонска држава. Не можете вие да се служите со манипулации дека ВМРО-ДПМНЕ било против АСНОМ затоа што се залагало, исто така и претставници- те на опозицијата за рехабилитацијата на судените за независна Македонија. И вам ви е јасно дека постоеја голем број на фалсификати и ретуширани фотографии на кои што се додавани личности кои не учествувале во АСНОМ. Еден од

нив е Лазар Колишевски и за тоа треба да најдеме сили отворено да прозборуваме во македонската држава ако сакаме да кажеме дека се залагате за демократија и дека сте расчистиле со тоталитарниот режим.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Луловски има реплика.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, јас мислам дека сум индиректно спомнат бидејќи во моето излагање во претпладневниот настап излегов со една теза, не со тоа што тврди пратеникот Тито Петковски одлуките на АСНОМ да се негираат од пратениците на една од страните, тука покажувајќи со рака.

Прво и прво јас во мојот. настап реков дека 1946 година се изврши нова револуција во македонскиот простор со доаѓањето и рушењето на таа Влада што е формирана со АСНОМ.

Да ве потсетам кои беа министри: Перузе го немате спомнато.

XI/1.- JM/OM

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ** : (Продолжение)

Можам да го потсетам Тито Петковски што бил и кој бил, знаете добро, знаете сигурно и Ченто од која професија бил и т.н. Апсолутно не се ставам во тие што ги негираат одлуките на АСНОМ, не ги негирам и немате право да зборувате против една цела страна овде. Можете да кажете име и презиме итн. Исто така, во Вашето излагање рековте дека ќе треба науката да го каже последниот збор околу историјата. Јас исто така во претпладневниот дел го кажав тоа. Се сложувам, науката, но, која наука, научниците, кои научници? Тие научници веќе направија 70, 80 години и се за мене идеолошки поставени во таа наша Академија на науки и уметности. Зошто го кажувам тоа? Тој што владее денес со фактите, тој владее и со минатото кој што владее со минатото, ќе владее и со иднината. Размислете добро што е тоа.

Се прават паралелно прослави. Јас се ставам во тие што учествуваат во двете прослави и во едната и во другата, а можеби имало и трета. За жал не сум присуствувал на третата. Но, на еден мој настап овде кажав, не само околу прославите на ВМРО се паралелистички, туку и спортските. настани се паралелни. И образованието е паралелно и било кој сегмент од секојдневниот живот се паралелни. Повелете, погледајте се, ве видовме синоќа на телевизија на кошаркарскиот натпревар, сигурно имавте и без пари влезница. Ние тука од седница си отидовме да гледаме телевизија. Повелете, во Австралија имавме можност да го видиме Вашиот координатор. Ни еден од нашата пратеничка група. И на крајот морам да го спомнам еден  е од најважните

на секоја делегација наша што учествува званичо делегацијата на Републиката на чело со претседателот , ни еден од опозицијата не е поканет. Во сите досегашни гостувања во Америка Обединетите нации ни еден претставник од опозицијата не е поканет. Дали тоа не е паралелизам, дали опозицијата нема право да учествува во преговорите итн. Затоа го кажав, со омраза и зло не се прави држава и не се управува господине Тито Петковски, само може да се руши, ништо повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И овие две реплики покажаа дека бев во право на почетокот кога кажав дека една многу суптилна материја се користи за дневно политички интереси. Па се кажа оваа партија венци не положила итн. Што има врска таа работа со ова што го разговараме. Според тоа, за тоа не сакам да реплицирам. Ќе реплицирам само за она што има врска Видете, како се искривува тезата, вели: Ние славиме 100 години од ВМРО, а јас прашувам за кое ВМРО станува збор? Па фала Богу, славиме ВМРО што е формирано пред 100 години , инаку би славеле 100 годишница сите наредни години, би славеле и до година 101, па 102 на сите организации што се формирале. Станува збор за годишницата кога е формирана ВМРО. Што друго, од секоја револуција? Па не ќе ги славиме ние на 30 години, извинете. Понатаму одлуките на АСНОМ не се негираат. Јас господине Луловски не реков, се негираат од пратеничката група. Јас тргнав од образложението во законот каде што стои дека се осудуваат, односно луѓето кои што биле репресирани за тоа што с« залагале за издвојувањето на Македонија од Југославија. А таму значи, одлуките на АСНОМ значат интегрирањето на Македонија во таа Југославија. Посредно значи не признавањето на одлуките на АСНОМ. Ниту покажав, а ако така е сфатено, се извинувам. Јас тргнувам од

текстот што е таму назначен. Според тоа, на таа основа реков дека никој не смее да ги негира одлуките на АСНОМ. Тоа е круна на Илинденците и на ВМРО. Тоа го тврдам и во тоа сум убеден.

Понатаму историската наука не се признава. Па видете, ние ја имаме таа наука, ние ја имаме таа Академија на науки, Македонска наука на науки. Сега се отвори научен симпозиум таму. Во науката се сочелуват научниците и само таму можат да се расправаат. Ние овде може да не ја негираме таа наука , но, дајте со научни основи и научни тези таму нека се сочелат луѓето со научниците, со историчарите. Па така се доаѓа до вистината. Вистината не е што ќе ја проговориме ние овде, затоа што сме народни пратеници и мора некој да ни верува нас овде. Па зошто би било тоа наука , извинете. Науката има и методологија и споредбени податоци. Според тоа, станува збор за таква наука

Четврто, паралелни прослави. Па видете, јас Ве молам, зарем навистина не чувствувате дека си преземавте право како пратеничка група, како партија да го присвоите ВМРО исклучиво за Вас. Па зарем не чувствувате дека тоа кај другите луѓе и кај другите граѓани создава поинакво чувство. Па тоа нели Ви значи доволно? Никој нема право на овој настан, на овој историски настан и датум, никој нема право. Никој нема право да го присвои она што е придобивка на една држава , на една нација, а Вие сакате сега затоа што сте политичка партија и затоа што го имате тоа име целиот народ сега треба да го почитува Вашето како единствена вистина. Според тоа, прославата ја организираше државата. Односот на државата беше јасен со формирањето на тој Одбор. Тоа значи позитивен однос, афирмација на настанот како придобивка на целиот народ, а не ексклузивно право на една партија да си го превзема. Замислете уште сите партии што се викаат ВМРО

со додавките да си организираат такви симпозиуми и расправи низ Републиката, комитски вечери, прослави и т.н. До каде тоа ќе ве однесе, а се залагаме за национално единство. Тоа е национално единство.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Навистина има добри мајстори што ги извитоперуваат работите. Прво и прво за која наука и која е таа Академија која што ја пишуваше вистината. Може ли ВМРО да престанало 34-та година кога имаме илјадници пресуди судени за ВМРО од 44-та до 90-та година. Значи ВМРО постои. Со други зборови, сакам да кажам дека овој закон што е предложен од групата независни пратеници во суштина ја има основната идеа. ВМРО постоеше и постои во продолжеток на ВМРО-ДПМНЕ само од аспект дека основната идеа е самостојна Македонија. Секој кој што бил против самостојна Македонија јасно е дека не му е јасно што значи ВМРО. Од тука да бидам појасен, Ако се отвори процесот на рехабилитацијата, а тоа значи процесот на еден морално политички исто така аспект, исто така од материјално и правен аспект, ќе се отворат мно- гу страници од темната да речам историја што не е позната. Ќе ви кажам еден пример, па и АСНОМ е дело на ВМРО. Тоа треба да му е јас- но на секого. После настанува изигрувањето на АСНОМ и се она што уследи после тоа. Еве ако ја отвориме картата на ВМРО, што е ВМРО? Да ве вратам малку во историјата. На Солунскиот фронт кој што оваа наука што господинот Петковски вика упорно го учеше македонскиот народ дека имаме Солунски фронт. Сите архиви што се дадени воени од Англија, Франција зборува за Македонски фронт. Значи тоа е всадувано погрешно во главите на македонците дека имаме Солунски фронт, а никогаш не сме имале Солунски фронт, туку макеоднски фронт.

XI/5.-

И на тој фронт учествувале чуената 11-та Македонска дивизија составена од 36 илјади македонци ВМРО-овци, или од тоа ли ќе се срамниме што беа на другата страна, па ќе речеме., ајде тие беа со бугарите. Секогаш идејата на ВМРО значи самостојна Македонија. Тоа да го расчисме еднаш за секогаш. И во тој смисол треба да се сфати она се предлага со законот и декларацијата. Во грижа на совест, дури и пратениците од Социјал демократскиот сојуз и тие даваа де рација за одредена рехабилитација. Тоа значи дека постои начин дека ние можеме да се договориме како да излеземе од оваа состојба, но едноставно да ја симнеме лагата од оние луѓе кои што беа во тие сил ни пресуди нарекувани пробугарски елементи и нарекувани ВМРО-овци. Во тоа е суштината. Секој ВМРО-овец во основа се залагал само за самостојна Македонија и од тука не можеме да бегаме понатаму. Јас не сакам да му реплицирам на господинот Петковски зошто не кажа, еве неговата група, овде се кажаа невистини од пратениците на ПДП, па не реагираат. Ние добивме писмо од ПДП, мислам од борците за вистината што ја кажаа, или не е вистина она што го кажаа пратениците од ПДП за нивното учество, убиства итн. Тоа се некои работи што треба во една друга ситуација да се зборуваат, но денеска кога има ме согласност и во мислењето на Владата дека има потреба од доенсување на овој закон, јас незнам кои се тие пречки и на кого му требаат за да не ја заврши постапката. Дури самите предлагачи се откажаа од Предлог законот. Ние сме во првата фаза, а Владата бидејќи искажа спремност да учествува во донесувањето на еден ваков закон, може има можности преку амандмани и преку понатамошно учество токму по овој текст на закон да си го каже своето мислење и да биде тој работ на еден договор. Но, во основа да се тврди, да се изнесувал лаги дека ВМРО престанала 34-та година, тоа не е вистина. Со ВМРО ДПМНЕ се извојува и самостојноста на Република Македонија и во тоа континуитетот на ВМРО и 100 години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,30 часот)